

# УПОТРЕБА НА НАПРЕДНИ ЕЛЕКТРОНСКИ АЛАТКИ ВО СУДСТВОТО

## ОСНОВНА АНАЛИЗА

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# УПОТРЕБА НА НАПРЕДНИ ЕЛЕКТРОНСКИ АЛАТКИ ВО СУДСТВОТО

ОСНОВНА АНАЛИЗА

декември, 2020

Анализата е изготвена од истражувачки тим од Здружението за кривично право и криминологија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје[1]

ЗКПКМ
Здужение за кривични
право и криминологија

Поддржано од:

ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

---

1 Истражувачи од ЗКПК: проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Лазар Нанев, Лорета Горгиева, Лидија Неделкова; Истражувач од Мисијата на ОБСЕ во Скопје: Ана Новакова Жикова

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5

**ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**КОНКРЕТНИ ПРЕПОРАКИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7

**I. ПРИЧИНИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА** . . . . . . . . . . . .9

**II. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА** . 11

**III. КОРИСТЕЊЕ НА ИКТ АЛАТКИ И ПОСТОЕЊЕ АДЕКВАТНИ РЕСУРСИ ВО СУДОВИТЕ ВО РСМ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36

**IV. ПОЗИТИВНА ПРАВНА РАМКА НА РСМ И ИДНИ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50

1. ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА И УРЕДБИТЕ СО ЗАКОНСКА СИЛА . . 50

2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ДОМАШНАТА ЗАКОНСКА РАМКА . . . . . 54

2.1 Судски деловник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 54

2.2 Закон за управување со движењето на предметите во судовите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55

2.3 Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги . . . . . . . . . . . . . . 56

2.4 Закон за управни спорови . . . . . . . . . . . . . . . . . 58

2.6 Закон за парничната постапка . . . . . . . . . . . . . . 61

2.7 Закон за правда за децата . . . . . . . . . . . . . . . . 62

3. ИСКУСТВА ОД ПРАКТИКАТА НА ДОМАШНИТЕ СУДОВИ . . . . . 63

**V. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 66

**КОНКРЕТНИ ПРЕПОРАКИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 67

**ПРИЛОГ 1** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 69

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| ВСРСМ | Врховен суд на Република Северна Македонија |
| АС | Апелационен суд |
| ОС | Основен суд |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| ЈО | јавно обвинителство |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ACCMIS/ АКМИС | Automated Court Case Management System/ Информациски систем за автоматско управување со судски предмети |
| ИКТ | Информатичко-комуникациска технологија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| МПГПП | Меѓународен пакт за граѓански и политички права |
| ООН | Организација на Обединетите нации |
| ЦСР | Центар за социјални работи |
| КПУ | Казнено поправна установа |
| ВПУ | Воспитно поправна установа |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| ЕНЕР | Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЗПП | Закон за парничната постапка |
| ЗУС | Закон за управни спорови |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Дигитализацијата и интероперабилноста се процеси што неминовно го тангираат функционирањето на судството коешто не може да остане имуно на придобивките што со себе ги носи вештачката интелегенција, напредокот и усовршувањето на техничките и оперативните перформанси на ИКТ алатките. Со пандемијата на Ковид 19 само се нагласи потребата за поддршка на процесот за дигитализација на судството, во насока на поголема ефикасност, транспарентност и пристап до правдата. Имајќи ги предвид постојните состојби во судството, процесот на дигитализација неопходно е да се одвива повеќеслојно, започнувајќи од воспоставување на легислативната рамка како основа за преземање процесни дејствија, ИКТ алатки за судења на далечина или изведување само на некои докази на тој начин, преку навремена и соодветна опременост на судовите со ИКТ опрема, интернет конекција и други потребни уреди за изработка на електронски документи, користење дигитални сертификати (потписи) и дефинирање на дигитален идентитет за странките, адвокатите и другите учесници во постапката, до унапредување на АКМИС-от, обезбедување доволно кадри и нивна соодветна првична и континуирана обука за правилно користење на опремата.

Онлајн судењата се само еден аспект на дигитализацијата којашто опфаќа низа други електронски можности, како што се е-доставата, дигиталното регистрирање на рочиштето и креирање записници во електронска форма, размената на дигитални информации и докази и сл., од коишто дел влегуваат во рамките на интероперабилноста. На сето ова се надоврзува автентикацијата како процес кој овозможува електронска идентификација на физичко или правно лице во смисла на потврдување на потеклото и интегритетот на податоците добиени или разменети во електронска форма.

Заштитата на човековите права, генерално, со посебен акцент врз многубројните гаранции што го чинат правото на јавно, правично судење во разумен рок со почитување на презумпцијата на невиноста и заштитата на приватноста, остануваат во главниот фокус на интерес. ИКТ алатките и дигиталните решенија треба да го олеснат остварувањето на овие фундаментални процесни права и токму во овој сегмент е содржан интердисциплинарниот напор за прилагодување на дигиталните решенија кон нужните предуслови за процесна правичност и правата на одбраната.

Меѓународните стандарди и компаративните искуства имаат особена важност при изборот на моделот и траекторијата по која ќе се остварува дигитализацијата и вклучувањето на вештачката интелигенција во судството. Стандардите мора да бидат соодветно вградени, присутни и обезбедени, а компаративните искуства искористени со цел одбегнување на воочени слабости, за сметка на искористување на предностите и придобивките.

Реалноста во смисла користење на ИКТ алатки и постоење адекватни ресурси во судовите во РСМ е поразувачка. Податоците претставени во

оваа анализа покажуваат дека судовите не располагаат ниту со кадар, ниту со опрема; имаат чести проблеми со брзината и постојаноста на интернет конекцијата; електронската достава и електронските огласни табли не се користат. Но, и покрај ваквата состојба, анализата покажа дека постои подготвеност кај судовите да дадат придонес во разработка на законски решенија, специфицирање на техничките перформанси што мора да бидат исполнети и унапредување на личните вештини за дигитална писменост како неопходни предуслови за одржување судења или изведување докази преку дигитални платформи и ползување на предностите на интероперабилноста.

Од анализата произлегоа следниве општи заклучоци, но и конкретни препораки:

## Општи заклучоци

- Се препорачува развивање стратегија за трансформација на судските органи со цел искористување на придобивките од судењата на далечина што нужно доведува до промена на традиционалното судско функционирање во смисла на употреба на новите технологии, зголемено прибегнување кон алтернативно решавање на спорови и односи со медиумите.
- Особено е важно новиот пристап во начинот на функционирање на судството со користење на модерната технологија и електронските платформи да води сметка за почитување на основните права загарантирани во ЕКЧП. Гаранциите содржани во ЕКЧП мора да се остваруваат без повреди и загрозувања без оглед на новиот начин на спроведување на судењата со користење на информатичката технологија. Во овој контекст особено се важни импликациите врз правото на правично судење и можноста обвинетите да ги остваруваат своите права целосно и ефикасно, дури и кога тие не се физички присутни во судницата. Гаранциите за ефективна правна помош треба да бидат *condicio sine qua non* и нужно е да постојат можности за приватна и доверлива комуникација помеѓу обвинетиот и бранителот пред, за време и по судското рочиште.
- Судовите треба да усвојат критериуми за да ги идентификуваат случаите што се погодни за сослушувања од далечина, притоа да се води сметка за начинот на учество на ранливите групи во судењата во смисла на пристап и остварување на своите права.

## Конкретни препораки

1. Судењата од далечина треба да се одржуваат по оценка на судот во законски определени случаи кои би овозможиле поефикасен пристап до правдата и заштита на правата на граѓаните;

2. Правото на правично судење и заштитата на приватноста не смее да бидат повредени при примената на нови технолошки решенија за начинот на организирање и одржување на судењата;

3. Подготвување на странките, особено да се размислува за остварување на пристапот на ранливите учесници (жртви, деца) и лица со попреченост;

4. Измена на Судскиот деловник и процесните закони со цел регулирање на можноста за одржување судења на далечина;

5. Изготвување на процедури за текот на судењата на далечина – распоред на судења, известување, пријавување, одобрување пристап преку електронски потпис, најавување со индивидуализирана лозинка, идентификување на вклучениот и сл.;

6. Судењата од далечина не смее да го загрозат следењето на судењето од страна на јавноста, за што е неопходно да бидат пропишани процедури за известување, информирање, обезбедување пристап и следење;

7. Потребна е детална процена на потребните организациско-материјални и персонални предуслови за спроведувње на судења на далечина (интернет врска, ИКТ опрема, сервери, снимање и чување на снимките од судењата, платформа што ќе се користи, персонал во судот, обука);

8. Надградба и унапредување на АКМИС заради негова компатибилност и комплементарност со новите софтверски решенија поврзани со судската дигитализација.

9. Обезбедување на опрема и ресурси во судовите потребни за непречено одвивање на електронската комуникација, интероперабилноста со другите правосудни институции и државни органи и судењата од далечина (набавка на опрема во фази, на почеток обезбедување на минимум потребни човечки ресурси за реализација, поддршка од донатори и одржлив план од страна на државата за заокружување на потребните ресурси и нивно идно одржување)

10. Изготвување на анализа за фискалните импликации на дигитализацијата;

11. Обезбедување на соодветни финансиски средства од Буџет на РСМ заради одржливост на процесот за дигитализација;
12. Изготвување на Акционен/оперативен план за динамиката за дигитализација на судовите (фази на спроведување, пилот судови, судови со проширена надлежност, судови со основна надлежност, повисоки судови, управни судови);
13. Зајакнување на електронската комуникација и воспоставување Е-достава меѓу судовите и јавните обвинителства, ЦСР, КПУ и ВПУ и други државни органи, институции и правни лица;
14. Изготвување на процедури за безбедност, доверливост и заштита на податоците што електронски се споделуваат;
15. Размена на искуства и обуки со цел запознавање со можностите на платформите преку кои би се одвивале судењата, обука на персонал во судовите за користење и одржување на опремата, обука на судии, јавни обвинители и адвокати за користење на електронската платформа во судовите.

# I. ПРИЧИНИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА

Пандемијата на Ковид 19 имаше огромно влијание врз функционирањето на правосудните системи на глобално ниво и резултираше со затворање на судовите или нивна редуцирана работа, при што беше значително отежната комуникацијата и се доведоа во прашање пристапот до правдата, ефективноста и транспарентноста на правосудниот систем. Овие состојби наведоа на интензивно размислување за одржување на судења од далечина, за користење електронска комуникација помеѓу странките и судовите и помеѓу судовите и другите државни органи, функционалност и ажурирање на интернет страниците, опременост со ИКТ опрема и доволно обучен кадар што би раководел со системите за работа од далечина во судовите.

Сепак, „новата нормалност“ само ги забрза процесите кои неминовно му претстоеа на правосудниот систем во РСМ во однос на неговото дигитализирање и приклучување кон семејството на модерни европски системи. Судската дигитализација, интерсекторското поврзување и интероперабилноста на судовите со останатите правосудни институции и државни органи е во насока на подобрување на ефикасноста и транспарентноста во работењето, ставајќи го фокусот на брз и квалитетен пристап до правдата.

Разгледувајќи ги компаративните искуства во текот на пандемијата може да се забележи дека со цел да се спречи ширење на вирусот, првично, со одлуки на највисоките судови, судските совети или владите на државите се одложиле сите судења освен итните, притворските предмети, постапувањето спрема деца и во однос на кривични дела и прекршоци со кои не се почитуваат протоколите за Ковид 19. Честа мерка била и продолжување или суспендирање на определени процесни рокови, рокови за застареност, рокови за започнување со издржување на затворските казни, од што исклучок биле преклузивните рокови. Странките и другите граѓани биле упатувани да ги остваруваат своите права преку електронска комуникација со администрацијата на судот.[2]

Државите прибегнаа кон изнаоѓање различни основи за користење видео или телефонска конференција за да обезбедат далечински пристап до правдата, а се организираа и судења преку платформи што овозможуваат двонасочна комуникација без физичко присуство на сите или на дел од учесниците во судницата. Легислативните основи за судењата на далечина и инфраструтурните ИКТ услови може слободно да се оценат како слаба алка и затоа тие треба да бидат предмет на анализа, консултирање на регионалните искуства, искористување и прилагодување на добрите практики во оваа сфера. Безбедноста во дигиталниот простор на судството, судиите и другите субјекти и учесници во постапките, во смисла заштита на лични податоци, различен пристап до официјални судски списи, електронски документи и докази, снимки од спроведени судења, знаења за правилно користење на системот и свест за ризиците, исто така се наметнуваат како важен фокус на стручната јавност.

OSCE ODIHR во својот извештај[3] го наведува случајот со судењата на далечина одржани преку платформата Microsoft Teams во ОС Кавадарци како добра практика, во смисла на претходни подготовки што овозможиле судењата да се одржат непречено од техничка гледна точка. Имено, како позитивно се истакнува тоа што судот подготвил и споделил детални упатства за тоа како да се поврзете со видео сослушувања и како да се однесувате за време на рочиштето. Информатички техничар бил постојано присутен во текот на судењето и бил подготвен да помогне во случај на какви било технички потешкотии на некој од странките, бранителот или учесниците во постапката.[4]

Ситуацијата во судовите во РСМ за време на пандемијата, вонредната состојба и карантинот во кои се наоѓавме во текот на 2020 година, од една страна, и неминовната потреба за модернизација на судскиот систем со воведување на дигитални напредни алатки во неговото секојдневно функционирање, од друга, се основните причини за изготвувањето на оваа Анализа. **Нејзината цел е да послужи како основен, односно почетен документ врз основа на кој ќе може понатаму да се планираат следните чекори на овој комплексен процес на дигитализација на домашните судови**.

Имајќи ја предвид сложеноста на процесот, меѓународните стандарди и компаративните искуства во регионот и пошироко, фокусот на Анализата е насочен кон:

- Меѓународни стандарди и компаративни искуства со фокус на предностите и предизвиците во користење на електронски платформи, спроведување на онлајн или хибридни судења;
- Анализа на сегашната состојба поврзана со користење на ИКТ алатки во судовите и постојните ресурси (човечки и технички) и начелни идни потреби;
- Домашна позитивна правна рамка и потребни законски измени кои би овозможиле користење на нови електронски алатки во судското работење и истовремено би ги заштитиле правата на учесниците во постапките;
- Препораки за идни чекори во поглед на дигитализацијата.

3 Ibid

4 OSCE Human Dimension Commitments and State Responses to the Covid-19 Pandemic, OSCE/ODIHR 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/e/c/457567_0.pdf.

## II. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА

Европската ковенција за човековите права и основни слободи дозволува дерогација на определени дерогабилни права во услови на вонредна или воена состојба.

**ЧЛЕН 15**

**УКИНУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

1. Во случај на војна или некоја друга општа опасност, која го загрозува животот на нацијата, секоја Висока страна договорничка може да презема мерки кои отстапуваат од обврските предвидени со оваа Конвенција, и тоа строго во согласност со барањата што ги наложува ситуацијата и под услов таквите мерки да не бидат во спротивност со другите обврски што произлегуваат од меѓународното право.

2. Претходната одредба не дозволува какво и да е отстапување од членот 2, освен во случај на смрт настаната како последица на дозволени воени операции, како и од членовите 3, 4 (став 1) и 7.

3. Секоја Висока страна договорничка, која го користи ова право на отстапување, е должна, за преземените мерки и за причините што го предизвикале нивното преземање, целосно да го информира Генералниот секретар на Советот на Европа. Таа, исто така, е должна да го извести Генералниот секретар на Советот на Европа за датумот кога престанала важноста на таквите мерки и повторно почнала целосната примена на одредбите од Конвенцијата.

**ЧЛЕН 6**

**ПРАВО НА ПРАВИЧНА ПОСТАПКА**

1. Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд ...

Повеќе држави го известиле ЕСЧП за дерогација на правата од ЕКЧП за време на пандемијата.[5] Сепак, може да се воочи дека во ниту едно од известувањата не е содржано ограничување на јавното судење во разумен рок, а речиси во

5 https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/005/declarations

сите држави судењата беа одложени и немаше можност за судење со физичко присуство.

Правото на правично судење и ефективен правен лек спаѓаат во недерогабилни права од ЕКЧП, односно нивното почитување и гарантирање мора да биде обезбедено и во услови на кризи, пандемии и слични околности. OSCE ODIHR и претходно укажувал дека кога државите прогласуваат вонредна состојба за борба против безбедносни закани тоа имало негативно влијание врз правото на правично судење.[6] Зголемената употреба на ИКТ од страна на судовите во услови на пандемија покренува сериозни предизвици за почитување на правото на фер судење и пристапот на јавноста до сослушувањата, особено во кривични предмети.

Правото на правично судење (член 14 од МПГПП, член 6 од ЕКЧП) е во голем ризик да биде загрозено во тек на пандемијата, бидејќи опфаќа принципи како што се презумпција на невиност, правото на јавно судење, правото на одбрана, еднаквост на оружјата, право на правен застапник, испитување на доказите и сведоците од спротивната странка, и според потребите користење на преведувач.[7] Голема загриженост во врска со судењата на далечина се јавува во однос на ефективноста на одбраната, а видео-конференцијата ги лишува странките и судијата од набудување на невербални сигнали при сослушувањето на сведоците и вештаците со што значително е отежната проценката на кредибилитетот на лицето што го дава исказот.

## ➢ *Практика на ЕСЧП во однос на онлајн судења:*

**Yevdokimov and others v. Russia**[8]
Апликации бр. 27236/05 и други, Пресуда од 16 Февруари 2016 г.

*Лица на издржување казна затвор поднеле тужби за клевета додека се наоѓале во казнено поправна установа. На ниту еден од апликантите не им било овозможено лично да присуствува на рочиштата на кои биле испитани нивните тужби. Домашните судови им ја одбиле можноста да бидат присутни на рочиштето, со образложение дека не постои домашна законска одредба за приведување на притворените лица пред судовите.*

*Апликантите се жалеле дека нивното отсуство од судот не е во согласност со законодавството и е во спротивност со начелото за правична постапка. Согласно Законот за парничната постапка на*

6 Fair Trial Rights during States of Conflict and Emergency: OSCE/ODIHR Expert Meeting Report (2016)

7 “OSCE Human Dimension Commitments and State Responses to the Covid-19 Pandemic”, ODIHR, July 2020, Chapter 1

8 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%2227236/05%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22]}

*Руската федерација пропишана е можноста за учество на судење преку видео-конференциска врска.*

**Закон за парничната постапка на Руската федерација (внесен со измени од 2013 година)**

**ЧЛЕН 155.1**

**Учество во судење преку видео-конференција**

1. Доколку судот има можности за организирање видео-конференција, странките и нивните претставници, како и сведоците, вештаците, специјалистите и толкувачите, можат да учествуваат во сослушувањето преку видео-конференција. Видео-конференцијата се организира по иницијатива на судот или на барање на странките.

2. Страните и нивните претставници ... учествуваат во сослушувањето преку видео-конференција со употреба на видео-конференциска опрема што е инсталирана во надлежните судови во нивното место на живеење, престој или локација. За лица кои се наоѓаат во истражни центри или во казнено-поправни установи, може да се користи опремата инсталирана во такви установи.

*22. Според ЕСЧП, членот 6 од ЕКЧП не го гарантира правото на* ***лично присуство пред граѓанскиот суд,*** *но предвидува поопшто право да се презентира случајот ефикасно пред судот и да биде обезбедена еднаквоста на оружјето со спротивната страна. Членот 6 став 1 остава на државата слободен избор на средства што ќе се користат за гарантирање на правата на странките.*

*43. Што се однесува до употребата на видео-врска или опрема за видео-конференција, оваа форма на учество во постапки е, меѓу другото, насочена кон намалување на одложувањата во пренесувањето на притворените лица и со тоа поедноставување и забрзување на постапката. [Kabwe v. the United Kingdom (dec.), nos. 29647/08 and 33269/08, 2 February 2010, and Marcello Viola v. Italy, no. 45106/04, § 70, ECHR 2006-XI (extracts)]. Прибегнувањето кон такви технички можности за одржување на судењето не е, како такво, некомпатибилно со поимот за фер и јавно судење, но мора да се осигури дека притвореникот е во можност да ги следи постапките, да ги види присутните лица и да слушне што е кажано, но исто така, без какви било технички пречки, да биде виден и сослушнат од другата странка, судијата и сведоците [Sakhnovskiy v. Russia (GC), no. 21272/03, § 98, 2 November 2010, and Marcello Viola, cited above, §§ 72-74].*

*44. Спроведување на судско рочиште надвор од судница е задача која одзема многу време. Дополнително, одржување на истото на место како што е притворска установа, до која, во принцип јавноста нема пристап, носи ризик од поткопување на јавниот карактер*

*на судењето. Во вакви случаи државата е обврзана да преземе соодветни мерки за да осигури дека јавноста и медиумите ќе бидат соодветно информирани за местото на судењето и ќе им се обезбеди ефективен пристап [Starokadomskiy v. Russia (no. 2), no. 27455/06, §§ 55-63, 13 March 2014, and Riepan v. Austria, no. 35115/97, § 30, ECHR 2000-XII].*

Декларацијата на CEPEJ нагласува дека пандемијата создаде предизвици и поттикна на размислување во правец на пронаоѓање иновативни мерки што можат да се појават во судските системи. Во овој контекст, во многу држави вложени се значителни напори тие да се прилагодат на новите околности и најдобро да ги искористат постојните ресурси за да обезбедат функционирање на нивните судови. Притоа, пристапот до правдата е едно од клучните прашања кое не смее да се изгуби од предвид и оттука треба да се обезбеди пристап до правда и преку алтернативни средства како што се онлајн услуги или зајакнување на пристапот до информации преку судски веб-страници и други средства за комуникација (телефон, е-пошта, итн.). Согласно Декларацијата на CEPEJ, користењето на ИКТ технологијата во начинот на функционирање на судството е од пресудно значење.[9] Начелото бр.5 го тангира токму овој аспект и укажува дека прибегнувањето кон информатичките технологии е начинот како треба да функционира правосудниот систем во услови на здравствената криза.

Притоа посебно се нагласува дека дигитализирањето на правдата треба да го олесни начинот на преземање на дејствијата, мрежни услуги, сослушување од далечина, видео-конференција и сл., но секогаш мора да се почитуваат основните права и принципите на правично судење, како и обезбедувањето на сајбер безбедноста и заштитата на личните податоци.

До пред една декада, видео-конференцијата во ЕУ се сметаше за ефикасна алатка која има потенцијал за олеснување и забрзување на прекуграничните постапки и за намалување на трошоците.[10] Видео-конференциското сослушување се однесуваше на сведоците, вештаците и жртвите на кривичните дела. Според видот на постапките, прекуграничната видео-конференција беше користена во кривични, граѓански и стопански предмети.

И Директивата 2014/41/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 3 април 2014 година во врска со Европскиот налог за истраги во кривични предмети,[11] познава можност за земање изјава на осомничен преку видео-конференција. Имено, органот што го издава Европскиот налог за истраги може го издаде заради сослушување на осомничено или обвинето лице преку видео-конференција или друг аудиовизуелен пренос, ако засегнатото лице не се противи и ако не е спротивно на фундаменталните права во државата каде

9 "CEPEJ Declaration. Lessons learnt and challenges faced by the judiciary during and after the COVID-19 pandemic", CEPEJ, Ad hoc virtual CEPEJ plenary meeting, Strasbourg, 10 June 2020, https://rm.coe.int/declaration-en/16809ea1e2.

10 Videoconferencing as a part of European E-Justice the essentials of videoconferencing in cross-border court proceedings, European Communities, 2009.

11 Directive 2014/41/EU of the European Parliament and of the Council of 3 April 2014 regarding the European Investigation Order in criminal matters, *OJ L 130, 1.5.2014, p. 1–36.*

што Европскиот налог за истраги треба да се изврши. Вонредната состојба односно условите на пандемија не смее да влијаат врз неможност за остварување на експлицитна обврска лицата кои биле уапсени или приведени да бидат навремено изведени пред судија или друг надлежен орган (член 9 (3) од МПГПП и член 5 (3) од ЕКЧП).

Поголемата употреба на електронски докази од страна на судовите во граѓанска и административна постапка може да помогне во надминување на некои од ограничувањата наметнати со Ковид-19 кризата.[12] Во услови на зголемен обем на виртуелни трансакции помеѓу трговци и поединци, како и помеѓу бизниси што произлегуваат од правилата за безбедно дистанцирање и ситуациите на заклучување може да резултираат со тоа судовите да мораат да управуваат со поголем обем на електронски докази за решавање на споровите. Во овој контекст се и Упатствата на Комитетот на министри до земјите-членки за електронски докази во граѓанска и управна постапка од 2019 година,[13] според кои, „електронски доказ" е секој доказ добиен од податоци содржани во или произведени од кој било уред, чие функционирање зависи од софтверска програма или податоци зачувани или пренесени преку компјутерски систем или мрежа. Содржани се упатства во однос на усните докази земени со далечинска врска; употреба на електронски докази; собирање, одземање и пренесување на докази; релевантност, доверливост, складирање и зачувување и архивирање на електронските докази; како и подигање на свеста, преглед, обука и едукација.

Изнаоѓањето решенија за функционирањето на судовите во време на пандемија зависело од одлуките на судските тела и органи, највисоките судови во државите, министерствата за правда и сл., но во овој контекст може да се спомене и ставот на CCJE. Имено, во Мислењето бр.19 (2016) за улогата на претседателите на судовите, се наведува дека една од улогите на претседателите на судовите е да осигураат ефективно функционирање на судот, а со тоа и подобра услуга за општеството. Во овој контекст, претседателите на судовите се одговорни да управуваат со работата на судот, вклучувајќи и управување со персоналот на судот и материјалните ресурси и инфраструктурата. Од исклучителна важност е тие да ги поседуваат потребните овластувања и ресурси за ефикасно да ја извршат ваквата задача.

Ретки се примерите на национални законодавства кои познаваат можност за далечинско судење преку телекомуникациски технолошки платформи пред почетокот на пандемијата. Таков е случајот, на пример, со Законот за судовите во Литванија, со Законот за парничната постапка на Хрватска, како и со Законот за парничната постапка на Руската федерација. Од друга страна, се среќаваат различни решенија во државите во однос на одлуката за одржување судење на далечина. Додека во Франција, со посебна Уредба им била дадена

12 https://www.coe.int/en/web/cdcj/covid-19#E-justice

13 Guidelines of the Committee of Ministers to member States on electronic evidence in civil and administrative proceedings (Adopted by the Committee of Ministers on 30 January 2019 at the 1335th meeting of the Ministers' Deputies), https://rm.coe.int/guidelines-on-electronic-evidence-and-explanatory-memorandum/1680968ab5.

дискреција на судиите да одлучат дали ќе користат ИКТ технологија за одржување на судењата (електронски или аудио) без притоа да се бара согласност од обвинетиот. Во Австрија во граѓанските случаи, судењата на далечина може да се одржат само ако има согласност од страните, а во кривичните случаи судијата има дискреционо право да одлучи да го сослуша обвинетиот што е притворен, ако оцени дека на тој начин ќе се одбегне ризикот од пренесување на вирусот Ковид 19.

Треба да се поздрави фактот дека државите преземаат вонредни мерки за да ја одржат функционалноста на кривичната правда, спречувајќи долготрајни одложувања во кривичната постапка и осигурувајќи дека итните работи, како што се рочиштата за притвор, не се одложени. Пандемијата доведе до значителни ограничувања на правото на јавна расправа, што влијае на транспарентноста и можноста на набљудувачите на судењето и медиумите да го набљудуваат процесот.[14]

Во повеќето држави, поради отсуство на законски решенија, а во услови на притисок да функционира судството во време на пандемија, ИКТ во судството се користи врз основа на одлуки, уредби и препораки на судски совети, високи судски совети, одлуки на највисоките судови во државата или на министрите за правда.

Онаму каде што се одржувале далечински судења забележано е различно ниво на вештини, материјални можности и способност на учесниците да користат ИКТ, квалитетот на комуникациските платформи и квалитетот на интернет врската, што се јавуваат како причини за ограничување на нивните права за ефикасно учество во сослушувањата и ефективно остварување на интересите. Се укажува на специфичните потреби на лицата со попреченост да имаат еднаков пристап за целосно учество во сослушувањата.

Како резултат на преземените мерки на почетокот од пандемијата, судовите се соочуваат со доста заостанати случаи и повторно се пристапува кон размислување за законски решенија и препораки за одржување на судења на далечина, сега пак, како решение за ефективно менаџирање со времето и трошоците во функционирањето на судовите.

Со оглед на пролонгираната пандемија, останува потребата за одржување на судењата со далечински пристап, вклучително и преку видеолинк или телефонски линк, па иако првично судењата од далечина се воведоа како привремена мерка, не е исклучена веројатноста тие да добијат карактер на трајни решенија за исклучителни ситуации.[15]

Видео-конференција и сослушување од далечина се модусите за тек на судењата што биле користени во поголем број од државите. Компаративно, во судовите биле користени различни платформи (Skype, Zoom, Microsoft Teams, Cisco's

14 Вакви случаи, на пример, биле забележани во Грузија, Казахстан и во Ерменија, "OSCE Human Dimension Commitments and State Responses to the Covid-19 Pandemic", OSCE ODIHR, July 2020

15 Safeguarding the right to a fair trial during the coronavirus pandemic: remote criminal justice proceedings, https://www.fairtrials.org/.

Webex, Polycom Real presence, Cloud Video Platform, BlueJeans, PEXIP, TrueConf) некои од нив и на пробна основа. Земји каде што се користела видео-конференција во граѓанска и кривична постапка, меѓу другото, беа Австрија, Хрватска, Франција (каде судењата се одржувале и по телефон), Унгарија, Ирска, Казахстан (каде биле користени ZOOM и апликацијата TrueConf), Португалија, Србија, Словенија, Шведска и Велика Британија. Искуствата се различни во зависност од постоењето на законодавна основа или соодветна регулатива донесена во времето на пандемијата. Сепак, сослушувања со видео-конференција или други ИКТ решенија бараат соодветни технички решенија за да бидат воспоставени за сите инволвирани страни, т.е. судии, адвокати, обвинители, странки, сведоци, толкувачи (каде што е применливо) со доволно сигурна и континуирана аудио и видео врска. На страните треба да им се стави на располагање техничка поддршка со цел да се обезбеди нивно ефективно учество и доколку се прекине врската, сослушувањата треба да се запрат.[16]

Неспорно е дека судовите треба да бидат опремени со соодветни простории за да овозможат доверлива видео-конференциска врска или телефонски повици помеѓу одбраната односно помеѓу адвокатите и обвинетите без непотребен временски притисок. На обвинетите пред, за време и по сослушувањата, треба да им се овозможи пристап до безбедните простории каде што можат доверливо да комуницираат со своите адвокати. [17]

Сослушување на сведоци со видео-конференција не е новина и постои во скоро сите кривично процесни закони, а е резултат на влијанието на меѓународните документи за меѓународна соработка во кривичната материја и за заштита на сведоците. Ваквото сослушување не влегува во рамките на она што значи судење од далечина, но може да се подведе под т.н. „хибридно“ судење со оглед на фактот што само некој од учесниците во постапката не е присутен во судницата, туку учествува во судењето со користење на соодветна ИКТ платформа.

Статистиките за употребата на ИКТ во судството во европските држави покажуваат значително зголемување на нејзиното користење во различни видови предмети.[18]

16 The Functioning of Courts in the COVID-19 Pandemic, October 2020, OSCE ODIHR, https://www.osce.org/files/f/ documents/ 5/5/469170.pdf.

17 Safeguarding the right to a fair trial during the coronavirus pandemic: remote criminal justice proceedings, https://www.fairtrials.org/.

18 Така на пример, во Шведска, Велика Британија, “OSCE Human Dimension Commitments and State Responses to the Covid-19 Pandemic”, ODIHR, July 2020.

## 1. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА[19]

Во согласност со Препораките на Високиот судски и обвинителски совет и Одлуката на Врховната комора на БиХ за одлучување за организација на работата во судовите и обвинителствата во БиХ,[20] Кантоналниот суд донел две одлуки:

- Одлука за организација на работата за време на појавата на епидемиолошка состојба во земјата предизвикана од Ковид 19;[21] и
- Одлука за организација на работа со цел да се заштити личното здравје и јавното здравје и да се спречи ширењето на новиот вирус Корона (Ковид 19).[22]

Судовите работеле со намален капацитет и тоа по принцип на дежурни судии само за итни случаи, како и со намален административно-технички персонал. Другите судии и судски персонал биле упатени на работа од дома. Директната комуникација помеѓу судскиот персонал била минимизирана, целата комуникацијата се вршела главно преку телефон и е-пошта, а случаите на судиите им биле доставувани по електронски пат, земајќи ја предвид безбедноста на доставата на документите.

Во првиот период по пандемијата, заклучно со април 2020 година, првите мерки што биле преземени било одлагање на сите судски рочишта што не биле итни и тоа по службена должност, без притоа да се бара од странките да се појават во судот. Биле одложени сите закажани рочишта, освен случаите што според законот биле итни и случаите кои биле блиску до истек на рокот на застареноста. Дежурните судии имале дискреционо право да одлучат да продолжат со постапување ако сметале дека случајот односно околностите се итни. Се постапувало само во следниве предмети:

- граѓанска постапка: постапки за привремени мерки (за наредување, продолжување или прекинување на мерката),
- кривична постапка: (предмети во врска со наредба или барање за притвор; предмети каде што било неизбежно поради ризикот од застареност на гонење на кривичното дело; предмети спрема деца; и предмети насочени против здравјето на луѓето),
- прекршочна постапка: (предмети за случаи на непочитување на наредбите дадени од надлежните органи за време на пандемијата на Ковид 19).

19 Effects of the COVID-19 pandemic on the functioning of court systems in different jurisdictions, https://cms.law/en/bgr/news-information/effects-of-the-covid-19-pandemic-on-the-functioning-of-court-systems-in-different-jurisdictions, April 2020; Катица Јозак-Машар, Претседател на Кантоналниот суд во Нови Тревник, https://www.coe.int/en/ web/cepej/compilation-comments

20 Одлука бр. 08-02-2-1020-2 / 2020 од 22 март 2020 година.

21 Одлука бр. 06 0 Su 013 930 20 Su од 17 март 2020 година.

22 Одлука бр. 06 0 Su 013 930 20 Su од 23 март 2020 година.

Преклузивните рокови (за жалба, одговор на жалба, поднесување тужба и сл.) пропишани со процесните закони не биле суспендирани. Во постапките каде што постапувањето било завршено пред пандемијата, имало доцнења во изготвување и доставување на одлуките до странките и другите учесници во постапката. Странките можеле поднесоците да ги доставуваат преку препорачана пратка или преку факс на судот. Со оглед на ограничениот пристап до судската зграда известувањето за достава на документи до судот било објавено на веб-страницата и било истакнато на влезот на судот со цел да се информира пошироката јавност за новиот режим на работа на судот и можностите на граѓаните.

Потребно било судовите што постапуваат во втор и трет степен да ја организираат и олеснат работата од дома, а состаноците на судиските совети да се организираат на ad hoc основа, по одлука на претседателот на судот.

Претседателите на судовите биле должни да ги проценуваат ризиците по здравјето на луѓето и да донесуваат ad hoc одлуки кои можеле да бидат и порестриктивни, односно било изречно наведено дека пропишаните мерки треба да се сметаат за минимални ограничувачки мерки.

Во БиХ била донесена Иницијатива за дополнување на Законот за кривичната постапка со цел да се овозможат онлајн судења.[23] Нејзиното донесување имало за цел да укаже на потребата од создавање правна основа за воведување на аудио-видео запис преку врската (онлајн испитувања и спроведување на дејствија и постапки) во сите процесни ситуации во кои одредбите од ЗКП предвидуваат присуство на учесници во постапката. Ваквите судења би биле „исклучок и би се однесувале само на наведени процедурални ситуации и само за време на пандемијата“.

Според заклучокот на Високиот судски и обвинителски совет на БиХ, законска основа за спроведување на Иницијативата може да бидат општите одредби од ЗКП за аудио или аудиовизуелни средства за снимање на докази (на пример, сведочење на осомничениот) и одредби за водење на записник на главниот претрес. Иницијативата имала цел да создаде правна основа за извршување на одредени дејствија или постапки што не би биле условени со директно физичко присуство на странките во просториите на обвинителството или судот, при што одлуката за употреба на аудио-видео врската би ја носел претседателот на советот или судијата кој го закажува рочиштето.

Исто така, предложен е и Закон за привремени мерки во работата на судските и другите органи за време на природна или друга катастрофа на територијата на Босна и Херцеговина, кој е во фаза на донесување.[24] Со него се уредуваат

23 Inicijativa za dopune zakona o krivičnom postupku u cilju omogućavanja “online” suđenja, Prof. dr. Hajrija Sijerčić-Čolić, Krivični Postupci i Pandemija, Univerzitet u Sarajevu – Pravni Fakultet, Serija “Pandemija i pravo”, Eseji, osvrti i komentari, br. 10/2020, Sarajevo, 18. 5. 2020.

24 Zakon o privremenim mjerama u radu pravosudnih i drugih organa Bosne i Hercegovine za vrijeme stanja prirodne ili druge nesreće na teritoriji Bosne i Hercegovine, предложен во мај 2020 година, но во септември не било прифатено негово донесување по итна постапка, па се очекува донесување во редовна законодавна постапка, повеќе на: https://www.slobodnaevropa.org/a/30814703.html.

роковите во кривичната постапка, начинот на работа на судските тела во смисла на причини за неодржување рочишта, освен во итни постапки, определување мерка притвор, опасност од застарување на кривичното гонење, постапка за сите кривични дела сторени за време на природна или друга катастрофа и во врска со состојбата на природна или друга катастрофа, ограничување и исклучување на јавноста од сослушувањето, задолжително тестирање на коронавирус при притвор, временски ограничувања за привремен притвор и екстрадиција.

Дигитализацијата е оценета како ефективен начин за намалување на бројот на нерешени комунални случаи во БиХ бидејќи нивната рачна обработка довела до преоптоварување на судовите што директно се одразува врз ефикасноста и квалитетот во работењето.[25]

Од овие причини, Високиот судски и обвинителен совет на БиХ, со поддршка на Владата на Норвешка, развила специјален информативен систем за електронско поднесување и автоматско процесирање на предмети со мала вредност (СОКОП-Мал) што нашол своја примена во 35 од вкупно 59 првостепени судови во БиХ и 23 надворешни корисници.

Дигитализацијата на судовите се покажала како најефикасна мерка за брзо и ефикасно решавање на судските случаи од мала вредност, но исто така и значајна компонента за постигнување повисоко ниво на транспарентност, но и генерално поголема ефикасност.

Во **Република Српска** [26] судските покани, решенија и сл. не се издавале и сите рокови за поднесување поднесоци, редовни и вонредни правни лекови биле суспендирани за време на вонредната состојба, освен за следниве видови случаи:

- работни спорови во врска со дискриминација или злоупотреба на работно место;
- постапки во врска со статус на деловни компании;
- регистрација на компании;
- привремени мерки и забрани; и
- постапки во однос на судски одлуки во однос на банкарски сметки.

Судењата се спроведувале без јавност. Роковите за застареност во граѓанското право биле суспендирани за време на вонредна состојба.

Во однос на сослушувања и постапки преку видео-конференциска врска, тие биле дозволени само во случаите кога сведоците не биле во можност да

25 Digitalizacijom do smanjenja broja neriješenih predmeta, 27.10.2020, https://vstv.pravosudje.ba/

26 Effects of the COVID-19 pandemic on the functioning of court systems in different jurisdictions, https://cms.law/en/bgr/news-information/effects-of-the-covid-19-pandemic-on-the-functioning-of-court-systems-in-different-jurisdictions, April 2020; CCBE Survey: Exchange of experiences and best practices between bars, https://www.ccbe.eu/.

присуствуваат на судењето. Во ваков случај, судењето се одржувало во една судска зграда, а сведокот се наоѓал во друга судска зграда.

## 2. ХРВАТСКА[27]

Со одлука на Министерот за правда биле издадени (а потоа дополнети)[28] препораки во врска со спречување на пренесување и сузбивање на епидемијата на коронавирусот, според кои требало да се постапува во судовите. Според овие препораки:

- судските органи требало да продолжат со работа и спроведување на сите итни постапки и дејства со соодветни безбедносни контроли;
- сослушувањата и другите активности што не биле итни биле одложени за 14 дена;
- требало да се дозволи работа од дома, ако било можно;
- комуникацијата со странките и другите учесници во постапката требало да се одвива по електронски пат;
- се одложила извршната постапка, а особено извршувањето на заплена на недвижен имот за иселување и испразнет недвижен имот.

Во Хрватска не била прогласена вонредна состојба и немало унифицирана одлука во врска со работата на судовите и секој суд одлучувал и ги објавувал одлуките за работното време, одвивањето на судењата и сл. Врз основа на сопствените донесени мерки судовите ги одложувале рочиштата со исклучок на итните случаи. Некои судови (во Запрешиќ, во Јастребарско и Стопанскиот суд во Загреб) биле целосно затворени.

Претседателот на Врховниот суд упатил препорака до претседателите на високите и окружните судови насочена кон минимизирање на физичкиот контакт секогаш кога е тоа возможно. Исто така, упатил и на користење на техничките средства за комуникација на далечина достапни за судиите и судовите (е-пошта, видео врска, итн) во секој случај кога ќе се оцени дека е тоа можно.

Електронската комуникација се користела во сите трговски, општински и окружни судови и во Високиот трговски суд. Техничките предуслови за услугата за е-комуникација ги обезбедило Министерството за правда. Комуникацијата со странките и сите учесници во судските постапки, по правило, се спроведувала по електронски пат. Во случаи каде што било неопходно да се оствари средба

27 CCBE Survey: Exchange of experiences and best practices between bars, https://www.ccbe.eu/; Digital tools in Member States_COVID19, https://e-justice.europa.eu/content_impact_of_covid19 _on_the_ justice_field-37147-en.do; Effects of the COVID-19 pandemic on the functioning of court systems in different jurisdictions, https://cms.law/en/bgr/news-information/effects-of-the-covid-19-pandemic-on-the-functioning-of-court-systems-in-different-jurisdictions, April 2020; Игор Јукиќ, виш стручен советник, Министерство за правда, Република Хрватска, https://www.coe.int/en/web/cepej/ compilation-comments

28 Првите препораки биле дадени на 13 март 2020 година, а биле дополнети на 17 март 2020 година.

или лично сослушување, дејствијата се преземале со почитување на сите мерки на претпазливост од здравствените власти. Сите адвокати, граѓани и други корисници на е-Комуникација имале можност да ја видат содржината на сите документи, доколку содржината е достапна во системот за управување со предмети. Адвокатите, нотарите, вештаците и правните лица биле во можност да испратат поднесоци и прилози до судот, да добијат судски документи, да извршат далечински увид во судски случаи и сл.

E-Predmet (eFile) им обезбедува на граѓаните информации за текот и динамиката на решавање на предметите во редовните постапки, но не и увид во содржината на судските документи. Освен електронски, страните можле да поднесат достава и преку пошта или директно на влезот во судот. Поради ваквите можности на странките, преклузивните рокови не биле запрени.

Претседателот на Врховниот суд издал препорака до сите судови дека отсуството на странките во постапките заради пандемијата не треба негативно да влијае врз нивните процесни права. На граѓаните им било препорачано да го проверат статусот на предметот онлајн на страницата на судот и да го контактираат судот ако судењето не било одложено. Судовите функционирале само во итни постапки и тоа:

- постапки во кои правата на малолетни лица требало да бидат заштитени,
- постапки со елементи на насилство,
- постапки за старателство.

Постапките за извршување и неликвидност не биле одложени на национално ниво, но имало одредени локални самоуправи кои донеле одлуки за одложување на извршувањето (како на пример, во Осијек). Хрватското здружение на банки донело одлука дека банките нема да иницираат извршување во случај кога три рати или ануитети не се плаќаат за три месеци заклучно со април 2020 година.

Во кривична постапка продолжило постапувањето само во итни случаи:

- во однос на мерката притвор и
- во предмети во кои постои ризик од застарување на кривичното гонење

Во однос на судења и постапувања преку видео-конференција, таква законска можност постои во член 115 од Законот за парнична постапка (во важност од 01.0.2019),[29] каде е пропишано дека судот може да определи рочиштето да се одржи на далечина со користење на соодветни аудиовизуелни уреди, или на тој начин да се изведат одделни докази.

Законот за кривична постапка исто така содржи одредби за дејствија што можат да бидат преземени од далечина со примена на соодветни аудио-

29 https://www.zakon.hr/z/134/Zakon-o-parni%C4%8Dnom-postupku.

визуелни уреди. Обвинетите и лицата што се сослушуваат физички биле присутни, како и нивните адвокати, но рочиштата за притвор, ако странките не се противеле се одржувале преку видео врска.

Вреди да се одбележи проактивноста на Хрватската адвокатска комора, која уште на самиот почеток на пандемијата (18.03.2020 година) до Министерството за правда поднела Нацрт закон за мерки за интервенција во судска и административна постапка поради пандемијата со Ковид 19.[30] Законот не бил донесен, а истиот, меѓу другото, предвидувал можност за обвинетите во кривичната постапка да учествуваат преку аудио-видео уреди.

## 3. СРБИЈА[31]

Постоењето на вонредна состојба е прогласена во Република Србија од март 2020 година.[32] Непосредно потоа, Министерството за правда издало Препораки во однос на работата на судовите и јавното обвинителство за време на вонредна состојба.[33] Препораките биле проследени со конкретни одлуки за реорганизација на работата донесени од страна на Високиот судски совет.[34] Одлуките на Високиот судски совет биле обврзувачки за сите судови и содржеле многу повеќе детали. Било наложено одложување на рочиштата до укинување на вонредната состојба. Со оглед дека судските рочишта биле одложени, немало потреба странките или нивните претставници да се појават пред судовите. Сепак, постоела препорака странките навреме да се обратат до судот пред судењето писмено, по факс или преку телефонски повик со цел да се провери дали треба да се појават на закажаното рочиште.

Во случаи кога судовите одржувале рочишта, им било препорачано да го прифатат барањето за одложување на судењето ако странката или нејзиниот застапник е лице постаро од 60 години, има хронични здравствени проблеми, како и ако е или има дете на возраст под 12 години. Во прилог на барањето за одложување требало да се достави писмена согласност за одложување дадена од самата странка (доколку поднесокот го изготвува застапникот).

30 Nacrt prijedloga zakona o interventnim mjerama na podrudju sudskih i upravnih postupaka zbog epidemije bolesti koronavirusa COVID-l9, http://www.hok-cba.hr/sites/default/files/ nacrt_ prijedloga_ zakona_ o_ interventnim_mjerama_na_podrucju_sudskih_i_upravnih_postupaka_covid_19.pdf

31 Effects of the COVID-19 pandemic on the functioning of court systems in different jurisdictions, https://cms.law/en/bgr/news-information/effects-of-the-covid-19-pandemic-on-the-functioning-of-court-systems-in-different-jurisdictions, April 2020; The Functioning of Courts in the COVID-19 Pandemic, October 2020, OSCE ODIHR, https://www.osce.org/files/f/ documents/ 5/5/469170.pdf; Ивана Нинчиќ, Министерство за правда, консултант, Сектор за европска интеграција и меѓународни проекти, Србија, https://www.coe.int/en/web/cepej/ compilation-comments.

32 http://www.pravno-informacioni-sistem.rs/fp/ covid19.

33 https://www.mpravde.gov.rs/vest/29159/preporuke-za-rad-sudova -i-javnih-tuzilastava-za-vreme-vanrednog-stanja.php;https://www.mpravde.gov.rs/sekcija/29166/konkretna-uputstva-za-rad-pojedinacnih-pravosudnih-organa-kao-i-javnih-beleznika-i-javnih-izvrsitelja-a-na-osnovu-preporuka-ministarstva-pravde-za-rad-za-vreme-vanrednog-stanja.php.

34 https://vss.sud.rs/sites/ default / датотеки / додатоци /% D0% 97% D0% B0% D0% BA% D1% 99% D1% 83% D1% 87% D0% B0% D0% BA.pdf.

Судовите, онаму каде што за тоа постоеле услови, продолжиле со работа на седници без присуство на јавноста и продолжиле да донесуваат решенија.

Странките се охрабрувале да ги поднесат своите поднесоци или преку пошта, факс, телеграма или е-пошта (каде што е применливо) со оглед тоа дека работното време и работењето на судските писарници биле предмет на посебни услови за работа.

Почнувајќи од 15 март 2020 година биле суспендирани сите рокови за поднесување уставни жалби, граѓански, административни и приватни кривични тужби, како и рокови за поведување вонпарнична и извршна постапка, како и роковите за поднесување жалби или аплицирање за вонредни правни лекови во кривичните, прекршочните и трговските постапки. Роковите за постапување во управна постапка пред надлежен орган се продолжиле за 30 дена од завршување на вонредната состојба кај даночните постапки, царинските постапки и разните видови инспекциски постапки.

Постапувањето продолжило во следниве случаи:

- граѓанска постапка: привремени мерки (за определување, продолжување или прекинување на мерките); итна постапка (на пример, несолвентност, спорови за владение итн.); мерки за заштита во случаи на семејно насилство; забрани за дистрибуција на печатот и дистрибуција на информации од страна на медиумите; задржување во невропсихијатриски здравствени установи; извршување во предмети на семејни односи.
- кривична постапка: случаи кога мерката притвор се наредува или се бара; специфични кривични дела (нелегална трговија, непочитување на здравствените прописи за време на епидемија, пренесување на заразни болести); постапки спрема малолетни сторители; случаи во кои малолетници се оштетена страна во кривични дела против половата слобода; сослушувања во случаи на семејно насилство; случаи каде постои ризик од истекување на рокот за застарување; кривични дела сторени за време на вонредна состојба и во врска со вонредната состојба
- прекршочна постапка: постапки спрема малолетни сторители; случаи во кои малолетници се оштетени; постапки за семејно насилство; започнување на постапки во врска со јавниот ред и мир; прекршоци каде ризикот од истекување на рокот за застарувањето е неизбежен; кога се извршени голем број барања за поведување прекршочна постапка за прекршоци што се во врска со вонредната состојба.
- извршна постапка: побарувања во врска со законските обврски за издршка на семејството; надомест на штета претрпена поради нарушување на здравјето; неспособност за работа; попреченост или смрт на должникот; наплата на пари од сметка на компанија.

Адвокатската комора на Србија изразила спротивставување на онлајн постапките против лица кои наводно ги прекршиле мерките за самоизолација каде сослушувањата се одвивале преку интернет со користење платформи како Skype. Според Адвокатската комора, ваквиот начин на водење постапка не е предвиден со закон и претставува драстично кршење на правото на правично судење.

Како реакција на писмото од Адвокатската комора, Владата ја донела Уредбата за учество на обвинетиот на главниот претрес во кривична постапка која се одржува за време на вонредната состојба.[35]

Во Србија, помеѓу 27 март и 1 април, 2020 година судовите, кои имале компјутери со камера и микрофон и инсталирана платформа Skype, ја користеле оваа платформа за судења против оние кои биле обвинети за прекршување на прописите поврзани со Ковид 19.[36] Првично овие судења се спроведувале според писмено упатство испратено од страна на Министерството за правда. На 1 април бил потпишан Указ од претседателот и премиерот за да се одобрат сослушувања од далечина, а на 9 април Високиот судски совет објавил заклучок во кој се наведувало дека Уредбата е применлива само за судењата против оние лица кои се обвинети за кршење на прописите против Ковид-19. Уредбата се однесува само на:

- случаи кога обвинетиот се наоѓа во притвор, а не и кога е на слобода, притоа мотивот за ваквата Уредба е да се заштитат притворските установи од ширење на вирусот поради појавување на притворените на судење; и на
- судења пред првостепените судови.

Спроведувањето на судењата во вакви случаи треба да се одвива со употреба на технички средства за пренос на звук и слика, во случај тоа да е возможно, при тоа имајќи ги предвид техничките услови на институцијата. Претседателот на советот или судијата поединец имал надлежност да одлучи за ваквото учество на обвинетиот на главниот претрес, а како предуслов е оцената на судот дека присуството на обвинетиот носи ризик од ширење на Ковид 19.

За време на судењата преку видео линк, според оцена на одредени адвокати,[37] главниот недостаток бил поврзан со вкрстеното испрашување бидејќи одбраната не можела ефикасно да го спроведе ова дејствие преку видео-конференција на Skype, ниту да разговара со обвинетиот. Ваквото постапување предизвикало загриженост во однос на правичноста на постапката бидејќи контрадикторната природа на главниот претрес претпоставува активно

35 www.paragraf.rs/propisi/uredba-o-nacinu-ucesca-optuzenog-u-krivicnom-postupku-vanredno-stanje. html; Vladimir Hrle, Preserving procedural safeguards during the COVID-19 crisis – a Serbian perspective, Fair Trials, 29 April 2020.

36 https://www.mpravde.gov.rs/sr/vest/29671/saslusanja-za-lica-koja-su-prekrsila-meru-samoizolacije-putem-video-linka.php.

37 Vladimir Hrle, Preserving procedural safeguards during the COVID-19 crisis – a Serbian perspective, Fair Trials, 29 April 2020.

учество на обвинетиот, особено во контекст на спроведување на ефективно вкрстено испрашување и проценка на веродостојноста на сведоците.

## 4. СЛОВЕНИЈА[38]

Словенија е меѓу државите кадешто не била прогласена вонредна состојба, туку биле во сила мерки за сузбивање на Ковид 19. Се постапувало согласно Законот за судовите и Законот за привремени мерки во врска со судски, административни и други јавни случаи за контрола на ширењето на заразни болести САРС-КОВ-19 (Ковид-19).

Додека биле во сила мерките за сузбивање на Ковид 19, не бил дозволен пристап до судските згради, освен за итни работи. Во дискрециона надлежност на судијата била одлуката за исклучување на јавноста од тековните постапки заради спречување на ширењето на болеста.

Судовите се соочувале со предизвици во врска со размена на хартиени документи од странки и други органи и тела, одржување на растојание помеѓу поединци и други мерки на претпазливост за главните расправи (вклучително и транспорт на сторителите) и постапување со побарувањата во врска со безбедносните мерки (на пример, старателство над детето). Се применувале канали за комуникација и размена на документи што овозможуваат работа од дома (далечински пристап до работната површина, безбедна размена на големи датотеки, итн.). Поднесоците се поднесувале преку пошта или преку веб-страницата на судот (*e-justice*), онаму каде што тоа било можно. Странките за комуникација можеле да ги користат објавените електронски адреси и телефонски броеви за комуникација со судовите. Се одложиле и роковите за поднесување поднесоци додека биле во сила мерките за сузбивање на Ковид 19. Судењата можело да се спроведат предку видео-конференции, ако за тоа постоеле просторни и технички услови.

„Итните работи" се дефинирани во член 83 од Законот за судовите (изменет и дополнет во јули 2020 година) и вклучуваат:

- истраги и пресуди за кривични предмети во кои обвинетиот е лишен од слобода или слободата на обвинетиот е ограничена, а во кривични случаи во врска со странци кои не се жители на Република Словенија;

38 http://www.sodisce.si/sodni_postopki/objave/2020041013584651/; CCBE Survey: Exchange of experiences and best practices between bars, https://www.ccbe.eu/; Digital tools in Member States_ COVID19, https://e-justice.europa.eu/content_impact_of_covid19 _on_the_ justice_field-37147-en.do; The Functioning of Courts in the COVID-19 Pandemic, October 2020, OSCE ODIHR, https://www.osce.org/files/f/ documents/ 5/5/469170.pdf; Effects of the COVID-19 pandemic on the functioning of court systems in different jurisdictions, https://cms.law/en/bgr/news-information/effects-of-the-covid-19-pandemic-on-the-functioning-of-court-systems-in-different-jurisdictions, April 2020; Грегор Стројин, советник на претседателот, Врховниот суд на Република Словенија, https://www.coe.int/ en/web/ cepej/ compilation-comments

- вонпарнични работи во врска со сместување на лица во психијатриски одделенија или здравствени организации;
- вонпарнични работи според законот со кој се регулира спречување на домашно насилство;
- извршни работи во врска со постапките за заштита на интересите на децата;
- прашање на привремена одлука;
- попис на имотот на оставителот;
- постапки за неликвидност и ликвидација.

Овие итни предмети можат да се судат за време на летниот прекин од 15 јули до 15 август и во случај на природни и други сериозни непогоди, епидемии или слични вонредни настани засновани со Указ на претседателот на Врховниот суд.

Тековните постапки за започнување на извршување на казната затвор се прекинуваат, а нови постапки не отпочнуваат. Воедно, се предвидува предвремен условен отпуст 6 месеци пред истек на затворската казна. Во делот на прекршоците се постапувало само во случаи против деца и тоа во следниве случаи: притвор; странци и конфискација на расиплива стока.

Адвокатската комора поднела предлог, кој не бил усвоен, а се однесувал на амандмани, меѓу другото, за судења на притворени лица и во кривичните постапки што се сметале како итни кои требало да се одржат преку видео-конференција бидејќи се оценила како безбедна во однос на ризикот за ширење на заразата. Тие предложиле како итни кривични предмети да се сметаат оние каде што имало определена мерка за обезбедување присуство (притвор или домашен притвор). Адвокатската комора укажала дека е неопходно да се утврдат технички можности за учество на Државниот обвинител и адвокатот на видео-конференцијата.

## 5. ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ЕУ: ЛИТВАНИЈА[39]

Во 2017 година спроведена е реформа во правосудството којашто опфатила намалување на бројот на судови за повеќе од половина, но и воведување на можноста за електронски судења и поднесувањето електронски докази, што овозможило подинамична правда, имало позитивно влијание врз квалитетот на судските одлуки и се оценува дека ваквиот пристап ги подобрил условите на засегнатите страни во судовите.

Успехот на реформата може да се отслика преку следниве параметри:

- бројот на електронските судења значително се зголемил (достигнал близу 150 илјади годишно);

39 Врховен суд на Литванија, https://www.lat.lt/en/news/the-courts-have-presented-their-operational-results-the-court-reform-accelerated-case-hearing-in-courts/831; Jelena Vasilionokienė https://www.coe.int/en/web/cepej/ compilation-comments.

- Литванија е на четврто место во Европа по користењето на електронските докази;
- близу половина од сите административни предмети биле електронски;
- само 1,71% од судските одлуки од 227 илјади предмети разгледани во судовите биле преиначени или укинати од страна на повисоките судови;
- бројот на застарени кривични предмети бил намален за 22%;
- во периодот меѓу 2017 и 2019 година, бројот на кривични случаи што траеле повеќе од една година се намалил за повеќе од двапати, а бројот на административни случаи за 30 пати;
- во 2018 година, ЕСЧП во ниту еден од случаите против Република Литванија не утврдил повреда на членот 6 во однос на судење во разумен рок.

Во измените на Законот за судовите на Литванија од 2014 година внесени се одредби во однос на електронските случаи и користењето на информатичката и технологијата за електронски комуникации во судовите што ги определува министерот за правда. За да се оствари ова, неопходно било да се создадат соодветни технички услови во судовите, но и соодветни технички предуслови кај учесниците во постапката. Карактеристиките на **електронските судски случаи** се следниве:

- целата комуникација помеѓу странките се одвива во електронска форма;
- во дигитална форма се испраќаат писмената и се примаат информации од страна на судот;
- учесниците во постапката имаат право:
    - да се запознаат со електронскиот случај,
    - да добијат копии од документите што постојат во тој електронски случај,
    - да се запознаат со случаи за кои веќе одлучувал судот,
    - да ги достават сите процесни документи и да доставуваат информации во врска со судскиот процес до судот во електронска форма.

Поднесените процедурални документи преку електронски комуникациски технологии треба да бидат **потпишани**, за што се користат следниве можности:

- безбеден електронски потпис;
- потврдување на личниот идентитет со други средства, на пример, со користење на електронски банкарски систем;
- со регистрирање во информативниот систем на судовите.

Во овие случаи, судовите се должни со употреба на електронски комуникациски технологии да ги известуваат учесниците во постапката за процесни дејствија или одлуки. Во судовите се создаваат соодветни технички услови за потврда

на процедуралните документи на судот, извршните списи и другите документи во врска со постапката на судот и нивните копии со безбеден електронски потпис, што ќе ги креира безбеден уред за создавање потпис и врз основа на квалификувани сертификати. Процедуралните документи на судовите и нивните копии имаат исто правно дејство како што имаат процесни документи потврдени со ракописни потписи.

**Дигитализација на документи и други писмена** - Дигитални копии на пишани процесни документи, издадени и примени во текот на судскиот процес, освен документи, кои, во согласност со условите предвидени со закон, не можат да се дигитализираат, како и креираните или доставени електронски процесни документи се чуваат во електронска кутија. Пишаните процедурални документи мора да бидат дигитализирани, а нивните дигитални копии ќе бидат пренесени на електронски случај најдоцна во рок од три работни дена од денот на нивното примање во судот. Времето на дигитализација на документот и лицето кое го дигитализирало мора да бидат наведени во дигиталната копија. Дигиталната копија мора да биде потврдена со безбеден електронски потпис на лицето кое го дигитализирало документот. Во случаи кога писмен документ не може да се дигитализира, судот донесува образложена одлука за чување на документи само во писмена (хартиена) форма и укажува на тоа во електронската постапка.

Во законот за судовите е регулирано дека евидентирање на текот на судскиот претрес и исходот на случаите ќе се врши според одредбите од процесните закони и тоа во однос на следниве аспекти:

- дали ќе се води записник или дословен запис за текот на судското рочиште;
- содржината и структурирањето на текстот на записот;
- постапката може да биде аудио-снимена;
- за снимање и истражување на доказите, судот може да снима видео, да снима и фотографира или да користи каква било друга техничка опрема;
- можноста страните во постапката да направат аудио-запис на судското рочиште.

На другите лица им е забрането да, фотографираат, снимаат аудио и видео и користат други технологии за време на судското рочиште. Лицето кое ја прекршило забраната за употреба на техничка опрема за време на судско рочиште одговара за тоа според законот. На крајот од судењето судот ќе донесе одлука чија содржина и постапка за донесување се утврдени во процесните закони.

Електронските судења во кривичната област не се често застапени. Имено, од јануари 2020 година, со одлука на Судскиот совет бил воведен систем за создавање на **електронски досиеја за кривичните предмети** (E-Criminal Case

File). Тој, како за почеток, опфатил само полесни предмети пред окружните и регионалните судови во кои обвинителството поднело:

- обвинение со предлог за издавање казнен налог или
- предлог случајот да се разгледува во забрзана постапка

Спроведувањето на оваа одлука е во надлежност на Литванскиот судски информативен систем (ЛИТЕКО).[40]

Во однос на пандемијата, откако било прогласена целосна подготвеност на цивилната заштита во државата, Судскиот совет на Република Литванија се повикал на Резолуцијата бр.716 од 24 јули 2013 година, објавена од Владата на Република Литванија за Општиот опис на безбедност на електронските информации, како основа за постапување на судиите, помошниците на судиите и другите вработени кои работат од далечина.

Во тој контекст биле дадени следниве препораки:

- откажување на сите закажани судења со усна постапка за време на карантин, за што странките треба да бидат веднаш известени;
- при усните расправи да се почитуваат сите мерки на претпазливост во врска со спречување на ширењето на Ковид-19, на пример, да се обезбеди една судница за сослушувања во итни случаи, со нејзино редовно проветрување и дезинфекција;
- за постапување на судии поединци и на совети на судиите, без присуство на јавноста, потребно било да се утврди редослед, распоред и постапката за нивно организирање и за донесување на процесни одлуки, со цел да се обезбеди максимално социјално растојание помеѓу присутните.

Усни расправи, како исклучок, било дозволено да се организираат само во итни случаи:

- случаи поврзани со лишување од слобода и
- отстранување на дете од небезбедна средина.

40 https://rm.coe.int/most-recent-developments-in-judiciary-en-final-2019-in-lithuania/168094fd75.

## ДА СУМИРАМЕ

| ТВРДЕЊЕ | МИТ | ВИСТИНА |
|---|---|---|
| ОНЛАЈН СУДЕЊЕТО Е „СУДЕЊЕ ВО ОТСУСТВО“, БИДЕЈЌИ ОБВИНЕТИОТ НЕ Е ПРИСУТЕН ВО СУДНИЦА | X | о НЕПРИСУСТВОТО ВО СУДНИЦА НЕ ЗНАЧИ СУДЕЊЕ ВО ОТСУСТВО БИДЕЈЌИ ОБВИНЕТИОТ Е ВКЛУЧЕН ДИРЕКТНО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ ПЛАТФОРМА, УЧЕСТВУВА ВО СУДЕЊЕТО И МОЖЕ ДА ГИ ОСТВАРУВА СВОИТЕ ПРАВА.<br>о НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПОИСТОВЕТУВА СО СУДЕЊЕ ВО ОТСУСТВО КОЕ СЕ СПРОВЕДУВА КОГА ОБВИНЕТИОТ Е НЕДОСТАПЕН И КОГА ПОСТОИ ПРЕДЛОГ ОД ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ.<br>о ФАКТОТ ШТО СУДЕЊЕТО СЕ ОДРЖАЛО ОНЛАЈН, НЕ Е ОСНОВ ДА СЕ БАРА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПОРАДИ СУДЕЊЕ ВО ОТСУСТВО. |
| ОНЛАЈН СУДЕЊЕТО ПО ДЕФИНИЦИЈА ПОДРАЗБИРА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА КОЈАШТО НЕМА НАЧИН КАКО ДА ГО СЛЕДИ СУДЕЊЕТО | X | ЈАВНОСТА МОЖЕ ДА БИДЕ ВКЛУЧЕНА ДОКОЛКУ СЕ СПОДЕЛИ ЛИНКОТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА НА СУДОТ, ПРИ ШТО СТРАНКИТЕ МОЖЕ ДА ПРЕДЛАГААТ ЛИЦА ШТО БИ ГО СЛЕДЕЛЕ СУДЕЊЕТО ОНЛАЈН, А МОЖЕ ДА ПОСТОИ И Е-МАИЛ АДРЕСА КАДЕ ШТО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ЛИЦА ЌЕ СЕ ПРИЈАВАТ СО ЦЕЛ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО СУДЕЊЕТО КАКО ЈАВНОСТ. |

| ТВРДЕЊЕ | МИТ | ВИСТИНА |
|---|---|---|
| ПРИ ОДРЖУВАЊЕ СУДЕЊА НА ДАЛЕЧИНА (REMOTE HEARINGS; VIDEO-CONFERENCING) СЕ ПОВРЕДУВА ТРАНСПАРЕНТНОСТА АКО:<br><br>o СУДОТ НЕ ОВОЗМОЖИ НА ЈАВНОСТА И НАБЉУДУВАЧИТЕ ЕФИКАСЕН ПРИСТАП ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ТЕКОТ НА ВАКА ОДРЖАНИТЕ РОЧИШТА.<br><br>o НАВРЕМЕ НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА НА СУДОТ НЕ Е ОБЈАВЕН РАСПОРЕД НА ТРЕМИНИ ЗА СУДЕЊАТА И ЛИНКОВИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ СО ИКТ ПЛАТФОРМАТА.<br><br>o ИМА ПРОБЛЕМИ СО ПОВРЗУВАЊЕТО - ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПРИСТАП (ДИГИТАЛЕН ПОТПИС, ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА ЛОЗИНКА).<br><br>o ИМА ПРОБЛЕМИ СО СЛЕДЕЊЕТО НА СУДЕЊЕТО ПОРАДИ ТЕХНИЧКИ ПРОБЛЕМИ СО ИНТЕРНЕТ КОНЕКЦИЈАТА | | X |

| ТВРДЕЊЕ | МИТ | ВИСТИНА |
|---|---|---|
| ЗА ДА СЕ ОСТВАРАТ ПРАВАТА НА ОДБРАНАТА, ДИГИТАЛНАТА ПЛАТФОРМА ШТО ОВОЗМОЖУВА ДВОНАСОЧНА КОМУНИКАЦИЈА БЕЗ ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО ВО СУДНИЦАТА МОРА ДА ИМА ТЕХНИЧКА МОЖНОСТ ЗА „ДИСКРЕТНА КОМУНИКАЦИЈА“ ПОМЕЃУ ОБВИНЕТИОТ И НЕГОВИОТ БРАНИТЕЛ ВО ТЕКОТ НА ОНЛАЈН СУДЕЊЕТО БЕЗ ПРАВО НА БИЛО КОЈ ДА ИМА УВИД ВО ТАА КОМУНИКАЦИЈА (*BREAK-OUT ROOMS*), ОДНОСНО ТАКВАТА КОМУНИКАЦИЈА МОРА ДА ОСТАНЕ ПРИВАТНА И НЕПОЗНАТА ЗА ДРУГИТЕ. | | X |
| ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ТРЕБА ДА ОВОЗМОЖИ СИТЕ СУДЕЊА ДА СЕ СПРОВЕДУВААТ ОНЛАЈН ДУРИ И КОГА ЌЕ ПРЕСТАНАТ ПРИЧИНИТЕ ЗА ПАНДЕМИЈАТА. | X | o ОНЛАЈН СУДЕЊАТА ТРЕБА ДА БИДАТ ЗАКОНСКИ РЕГУЛИРАНИ КАКО ИСКЛУЧОК ОД ПРАВИЛОТО ДЕКА СУДЕЊЕТО СЕКОГАШ СЕ ОДВИВА ВО СУДНИЦАТА.<br>o УСЛОВИТЕ КОГА БИ БИЛО ДОЗВОЛЕНО ОНЛАЈН СУДЕЊЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРОПИШАНИ. |
| ОНЛАЈН СУДЕЊАТА ПОДРАЗБИРААТ ЗАКЛУЧЕНИ СУДНИЦИ И СИТЕ ДА СЕ ВКЛУЧУВААТ ОД ДОМА. | X | ОНЛАЈН СУДЕЊЕ НЕ ЗНАЧИ ДЕКА СУДИЈАТА ОДНОСНО СОВЕТОТ НЕ СЕ ПРИСУТНИ ВО СУДНИЦАТА КАДЕ ШТО СЕ ВКЛУЧУВААТ СТРАНКИТЕ И ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ПОСТАПКАТА И ЈАВНОСТА. |

| ТВРДЕЊЕ | МИТ | ВИСТИНА |
|---|---|---|
| о ОНЛАЈН ХИБРИДНИ СУДЕЊА ОЗНАЧУВААТ СУДЕЊА КАДЕ ШТО ЕДЕН ДЕЛ ИЛИ САМО НЕКОИ ОД СТРАНКИТЕ ИЛИ УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА СЕ ВКЛУЧУВААТ НА СУДЕЊЕТО ПРЕКУ ОНЛАЈН ПЛАТФОРМА И НЕ СЕ ФИЗИЧКИ ПРИСУТНИ ВО СУДНИЦАТА.<br>о ВАКВАТА МОЖНОСТ БИ БИЛА КОРИСНА ОСОБЕНО ЗА ЛИЦА ШТО СЕ НАОЃААТ ВО ПЕНИТЕНЦИЈАРНИ УСТАНОВИ, А ПОСТОЈАТ ПОТЕШКОТИИ ДА БИДАТ ДОНЕСЕНИ ВО СУДНИЦАТА, ПА СУДЕЊЕТО МОРА ДА БИДЕ ОДЛОЖЕНО. | | X |
| НЕМА ПРИМЕРИ НА ДИРЕКТНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СУДЕЊАТА БИДЕЈЌИ ТАКА СЕ ПОВРЕДУВААТ СИТЕ ПРАВА НА ОБВИНЕТИОТ И ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ПОСТАПКАТА. | X | ИМА ЗАКОНОДАВСТВА КОИ ОВОЗМОЖУВААТ ДИРЕКТНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СУДЕЊАТА (LIVESTREAMED COURT SESSIONS) ПРЕКУ YOUTUBE (САД, БУГАРИЈА, ВЕЛИКА БРИТАНИЈА). |
| СУДЕЊАТА ОД ДАЛЕЧИНА НЕ МОЖЕ ДА ГИ ИСПОЛНАТ ГАРАНЦИИТЕ ШТО ГО ЧИНАТ ПРАВИЧНОТО ПОСТАПУВАЊЕ. | X | ПРИНЦИПИТЕ ШТО ГО ЧИНАТ ПРАВИЧНОТО ПОСТАПУВАЊЕ МОЖЕ ДА СЕ ОСТВАРАТ И ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА СУДЕЊА ОД ДАЛЕЧИНА ДОКОЛКУ СЕ ОВОЗМОЖИ СТАБИЛНА ИНТЕРНЕТ ВРСКА, СООДВЕТНИ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ, ПОСТОЈАНА ВКЛУЧЕНОСТ НА СТРАНКИТЕ, БРАНИТЕЛОТ И ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ И ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА, ДОВОЛНО ВРЕМЕ И МОЖНОСТИ ЗА ОДБРАНА, ПРИВАТНА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ОБВИНЕТИОТ И БРАНИТЕЛОТ, ИЗВЕДУВАЊЕ И ОСПОРУВАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА, УЧЕСТВО НА ТОЛКУВАЧ КОГА Е ТОА ПОТРЕБНО, КАКО И УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА. |

| ТВРДЕЊЕ | МИТ | ВИСТИНА |
|---|---|---|
| АКО НЕ Е СООДВЕТНО РЕГУЛИРАНО И СПРОВЕДЕНО ОНЛАЈН СУДЕЊЕТО, ТОА МОЖЕ ДА ИМА НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРИНЦИПИТЕ НА НЕПОСРЕДНОСТ КОНТРАДИКТОРНОСТ, ЈАВНОСТ И ПРАВИЧНОСТ. | | X |
| ВИДЕО ЛИНК<br><br>*VS.*<br><br>ВИДЕО-КОНФЕРЕНЦИЈА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ | | ИНСТАЛИРАН ВО СУДОВИТЕ И ПРИТВОРСКИТЕ ОДДЕЛИ НА УСТАНОВИТЕ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ БИДЕ ФИЗИЧКИ ПРИСУТЕН ВО СУДНИЦА ИЛИ ВО ПРИТВОР, ЗА ДА МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ.<br><br>*VS.*<br><br>ТЕХНОЛОГИЈАТА ЗА ВИДЕО-КОНФЕРЕНЦИЈА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ ОД КОЈ БИЛО УРЕД ИЛИ ЛОКАЦИЈА, БЕЗ ОГЛЕД ДАЛИ Е ТОА ОД ДОМА ИЛИ ВО КАНЦЕЛАРИЈА |
| Е-ДОСТАВА И ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА СЕ СИНОНИМИ | X | ИМААТ СОСЕМА РАЗЛИЧНА СОДРЖИНА И МОЖНОСТИ:<br><br>o Е-ДОСТАВА ПРЕТПОСТАВУВА ПОСТОЕЊЕ РЕГИСТРИРАНО ЕЛЕКТРОНСКО САНДАЧЕ ПРЕКУ КОЕ СЕ ВРШИ ДОСТАВА И ТАА СЕ СМЕТА ЗА УРЕДНА ВО УСЛОВИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН.<br><br>o ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА Е НАЧИН НА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ, ДОПИСИ И БАРАЊА ПРЕКУ Е-МАИЛ АДРЕСИ. НЕ СЕ КОРИСТИ ЗА ДОСТАВА. |
| ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ОНЛАЈН СУДЕЊА СЕ СИНОНИМИ | X | o ОНЛАЈН СУДЕЊАТА СЕ САМО ЕДНА ОД МОЖНОСТИТЕ ШТО ГИ ОВОЗМОЖУВА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА.<br><br>o ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ПОДРАЗБИРА ТЕХНИЧКИ МОЖНОСТИ И ЗА Е-ДОСТАВА, КОРИСТЕЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ, ПОТПИСИ, ЗАПИСНИЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА И СЛИЧНО. |

# III. КОРИСТЕЊЕ НА ИКТ АЛАТКИ И ПОСТОЕЊЕ АДЕКВАТНИ РЕСУРСИ ВО СУДОВИТЕ ВО РСМ

## СЕГАШНА СОСТОЈБА

Актуелизирањето на прашањето за почеста електронска комуникација помеѓу судовите и учесниците во судските постапки и можностите за одржување онлајн судења преку користење посебна електронска платформа, како и неминовната потреба од интероперабилност на судовите со другите правосудни институции и државни органи, претставуваа појдовната причина за спроведување на анкета со која би се добиле ажурирани податоци и сознанија за моменталното користење на ИКТ алатките во секојдневното работење, инфраструктурните, кадровските и техничките услови со кои располагаат судовите во РСМ и основни податоци за идните потреби.

Проектниот тим подготви структуриран Прашалник (види Прилог 1) со вкупно 13 прашања, кој беше доставен до сите судови во земјава со барање истиот претседателите на судовите да го одговорат/пополнат во соработка со нивните информатичари, особено за прашањата кои се однесуваа на постојна ИКТ опрема, интернет конекција, потребна опрема и сл. Прашањата во основа беа фокусирани на три аспекти:

1. Опрема со која располага судот и интернет конекција,
2. Кадровските ресурси во судовите и
3. Условите за одржување онлајн и/или хибридни судења.

Структурата на прашањата беше од комбиниран тип, па Прашалникот содржеше:

- прашања со повеќе понудени одговори,
- прашања на кои се бараше дополнување,
- кај повеќето прашања имаше можност за забелешки и предлози и
- последното прашање со слободен одговор (open-end question), односно беше оставено на судовите да изнесат предлози што сметаат дека се важни, а не се содржани во Прашалникот.

Сите судови се одзваа и во рамките на препорачаните рокови ги доставија своите одговори. Оттука, проектниот тим анализираше вкупно 34 одговорени Прашалници и тоа:

- 27 од основните судови,
- 4 од апелационите судови,
- и по еден од Врховниот суд на РСМ, од Управниот суд и од Вишиот управен суд.

## 1. ОПРЕМА ВО СУДОТ И ИНТЕРНЕТ КОНЕКЦИЈА

**Прашање: Со каква информатичка опрема располага Вашиот суд за да се овозможи двонасочна електронска комуникација и интероперабилност со други органи?**

Од приказот на одговорите на графиконот 1, може да се констатира дека во сите судови има компјутери, принтери и скенери. Дали нивната количина е доволна за потребите на секој суд индивидуално, е сосема друго прашање, кое е одговорено со приказот на одговорите на следното прашање претставено со графиконот 2 подолу. Во 88% од судовите има фотокопири, но недостасуваат прожектори, телевизори, камери и микрофони.




Графикон 1

Во однос на друга опрема со која располагаат судовите наведени се сервери (физички и виртуелни), рутери, свичови, уреди за скалдирање на податоци, опрема за мрежно поврзување, уреди за непрекинато напојување. Дополнително, осум суда навеле дека имаат судници со тонско снимање кои се користат во граѓанските предмети, а два суда навеле дека имаат екрани на кои се прикажуваат информации за насрочени предмети т.е рочишта за тековниот ден и други информации и известувања што може да бидат од корист за странките, односно телевизори – монитори во холовите на судот наменети за огласна табла од АКМИС.

Опрема со која судовите располагаат, а не е директно поврзана со електронската комуникација и онлајн судењата е видео надзорот и системите за регистрација на влез/излез со електронска картичка.

**Прашање: Каков вид и количина на компјутерска/информатичка опрема Ви е неопходно потребна?**

Прашани каков вид и колкава количина дополнителна ИКТ опрема сметаат дека е неопходно да биде обезбедена за да се овозможи електронска комуникација и онлајн судења, судовите навеле дека имаат големи потреби од хардверска опрема. Сумираните податоци се наведени во графиконот 2:




Графикон 2

Споредувајќи ги резултатите претставени на графиконите 1 и 2 повеќе од јасно е дека во судовите најмногу недостасуваат компјутери и донекаде принтери, и покрај тоа што сите судови (100%) одговориле дека ја имаат оваа опрема. За да може да се зборува за редовно користење на електронска комуникација и обезбедување квалитетно и ефикасно онлајн и/или хибридно судење, мора да се испита и состојбата, перформансите, компатибилноста и амортизираноста на постојните компјутери, принтери, скенери во судовите. Овој аспект не е предмет на оваа анализа, но е значаен за понатамошно планирање на техничките ресурси во судовите.

Од друга опрема што им е потребна, освен наведната во графиконот 2, судовите навеле повеќе видови на ИКТ уреди и опрема, коишто за потребите на оваа анализа се групирани според нивната намена, односно опрема поврзана со судењата, опрема за подобри и побезбедни компјутерски перформанси и опрема за безбедност на судот. Истите се претставени во графиконот 3 подолу:

**ОПРЕМА ПОВРЗАНА СО СУДЕЊАТА**

- Промена на серверите на кои во моментов функционира АКМИС;
- Опрема за видео-аудио снимање за опремување на судниците;
- Опрема за тонско снимање;
- Лап топ компјутери;
- Слушалки со микрофон;
- Звучници;
- Системи за разглас.

**ОПРЕМА ЗА ПОДОБРИ И ПОБЕЗБЕДНИ ИКТ ПЕРФОРМАНСИ**

- Уреди за непрекинато напојување;
- Уреди за мрежно надворешно сместувањеч;
- NAS уреди;
- Надворешни хард дискови;
- Уреди за скалдирање на податоци;
- Хард диск со поголема меморија за видео надзор.

**ОПРЕМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СУДОТ**

- Скенер за влезовите на судовите;
- Опрема за видео надзор.

Графикон 3

**Прашање: Дали во Вашиот суд има стабилна интернет врска или се појавуваат проблеми со интернетот?**

Интернет конекцијата е основен предуслов за какви било облици на електронска комуникација или одржување на судења од далечина. Од овие причини од судовите беше побарано да дадат информација поврзана со стабилноста на интернет врската што се користи во судот.

Навистина загрижува податокот дека едвај 15% од судовите никогаш немале проблем со интернет врската во судот. Близу 2/3 од судовите или 68% понекогаш имаат проблем со приклучувањето на интернетот, а 18% често имаат проблем со интернетот (види графикон 4 подолу).

Во судски систем во кој 86% од судовите имаат чести или спорадични проблеми со интернетот, непреченото спроведување на онлајн и/или хибридни судења и редовната електронска комуникација сериозно се доведуваат во прашање.




Графикон 4

Како објаснувања на проблемите во однос на интернет врската судовите во своите одговори ги посочиле следните состојби:

- проблеми со брзината на интернетот, што во некои судови оневозможува приклучување на АКМИС-от;
- честопати постои намален проток поради дотраеноста на мрежната инсталација во судот;
- често има кратки прекини на конекцијата, кои во дел се должат на проблем со напојувањето на електричната енергија или проблеми со опслужувањето од страна на локалниот провајдер;

- во некои судови се случува да нема интернет врска во текот на работниот ден или повеќе денови што не е секогаш проблем до опремата на судот, туку нема интернет во целата општина;
- во некои судови интернет линкот е стабилен, но е преоптеретен во текот на работно време и при обид за користење на електронски платформи за онлајн комуникација нема доволен капацитет за одржување на стабилна врска.

**Прашање: Со каков тип на интернет (капацитет/моќност во GB/MB) е потребно да располага Вашиот суд?**

Најголем дел од судовите навеле дека во моментот располагаат со оптичка врска од 40 Mbit/s. Дел од основните судови со основна надлежност имаат 20 Mbit/s и сметаат дека е доволно со оглед на нивната надлежност и потребите. Но сепак, **90% од судовите одговориле дека е потребно да има оптички симетричен интернет со брзина меѓу 60 и 100 Mbit/s.**

**Прашање: Дали подолу наведените органи/институции се регистрирани на Е-достава во Вашиот суд?**




Графикон 5

Од добиените одговори претставени на графиконот 5 погоре може да се заклучи дека со оглед на малиот број органи кои се регистрирани, со исклучок на адвокатите, **не постојат услови за Е-достава**. Регистрацијата на Е-достава е карактеристична само за основните судови, за Управниот суд и за ВСРСМ за судења во разумен рок, бидејќи апелационите судови, Вишиот управен

суд и ВСРСМ во останатите предмети, не вршат достава. И покрај тоа што во некои судови само дел од адвокатите се регистрирани на Е-достава, сепак нивните 94% покажуваат дека тие се најмногубројни, што до некаде може и да се очекува со оглед на одредени задолжителни одредби во некои од процесните закони. Други органи со кои судовите имаат Е-достава се: нотарите, извршителите, медијаторите, јавни комунални претпријатија, ЕВН, општи болници, но сепак во минимален процент. Во ОС Кавадарци, освен адвокати, ЦСР и локална самоуправа сите поголеми фирми и приватни компании во општината се регистрирани на Е-достава.

Презентираните податоци за регистрирање на јавното обвинителство на Е-достава треба да се толкуваат само како можност за комуникација на судовите со истото преку е-маил, а не на регистрирање на јавното обвинителство во системот на Е-достава, бидејќи официјално не постојат податоци за негова регистрација.

**Прашање: Дали Вашиот суд користи електронска комуникација (податоци коишто се пратени или примени по електронски пат и електронско разменување на податоци)?**

Од добиените одговори евидентно е дека електронската комуникација во смисла на е-маил комуникација е воспоставена и речиси сите судови ја користат. Под електронска комуникација во дадените одговори се мисли на е-маил комуникација, а не на Е-достава. Само со оние што се регистрирани на Е-достава им се врши електронска достава. Мал е процентот (6%) на судови кои воопшто не користат електронски начин на комуникација.




Графикон 6

Судовите електронски комуницираат со:

- ВСРСМ
- ССРСМ,
- Судскиот буџетски совет,
- АСЈО
- Министерството за правда,
- МВР
- МИОА
- УЈП
- ДКСК
- здравствени установи и
- пробациска служба

Е-маил комуникацијата се остварува со многу органи: ЈОРСМ, Централниот регистар, Народниот правобранител, Државното правобранителство, КПУ, Службен весник на РСМ, судски преведувачи, Бирото за судски вештачења, невладини организации, стручни здруженија.

Е-маил комуникацијата се користи и кога се постапува по барања за споделување податоци според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник бр.101/2019).

**Прашање: Дали сметате дека е потребно да се воспостави хоризонтална и вертикална комуникација помеѓу судовите преку АКМИС?**

Целта на ова прашање беше можноста за комуникација на судовите меѓусебно преку АКМИС. Отсуството на ваквата поврзаност судиите многупати ја истакнувале како хендикеп, особено во насока на консултирање одлуки по ист основ во другите судови со што би се помогнало и за воедначување на судската практика.

Од добиените одговори произлезе дека сите судови, освен ОС Крушево, сметаат дека е потребна надоградба на АКМИС-от во делот кој би овозможил да се остварува верткална комуникација со судовите од повисоките инстанци (апелациони судови, ВСРСМ; Виш управен суд), но и поврзаност на судовите од иста инстанца (основните судови, без оглед на фактот дали судот е со основна или со проширена првостепена надлежност).

## 2. КАДРОВСКИ РЕСУРСИ

**Прашање: Дали судот располага со квалификуван кадар за работа со информатичка опрема?**

Податоците во однос на кадарот во судовите упатуваат на согледувања за евидентна дискрепанца помеѓу информатичарите и стручните соработници, наспроти судските службеници.

Имено, повеќе од очигледно е дека систематизациите не се исполнети во однос на информатичарите и стручните соработници. Во однос на информатичарите систематизацијата не е пополнета за 43%, а во однос на стручните соработници

непополнетоста е 56%. Иако останува дилемата колку е систематизацијата базирана врз показатели коишто се поврзани со број на предмети во судот и обемот на работа, сепак не е за занемарување фактот дека недостасуваат наведените кадри.

Состојбата со судските службеници е сосема поинаква и вработени се дури 170% повеќе судски службеници од планираните. Оваа околност наметнува потреба од дополнителна анализа на причините што довеле до ваквата состојба и влијанието врз севкупното функционирање на судовите.

Но, имајќи ја предвид целта на оваа анализа, при што фокусот треба да се насочи на информатичарите зачудува малиот број информатичари од кои имаат потреба судовите односно средниот просек од 62 информатичари вкупно за сите судови е помал од бројот на информатичари предвидени со систематизацијата, кој изнесува 81 лице. Очигледно судовите не се доволно свесни за сите обврски што дигитализацијата ги носи со себе и кадарот што треба да има клучна улога во овозможување квалитетна и ефикасна електронска комуникација, интероперабилност меѓу себе и со другите правосудни институции и државни органи и на крајот, реализацијата на судења од далечина.




Графикон 7

Прашани кој друг кадар и колкав број на лица е потребен во судовите за остварување на процесот на дигитализација судовите во најголем процент ги посочуваат стручните соработници, судските службеници и помошниот технички персонал (види графикон 8 подолу). Од вкупно 34 суда кои дале одговор за потребата од друг кадар, 12% од судовите се изјасниле дека имаат потреба од стручни соработници, 35% дека имаат потреба од судски службеници и 47% од судовите имаат потреба од помошен технички персонал. Процентите на овие три категории на судски кадар треба да се гледаат одделно, бидејќи некои судови навеле дека имаат потреба од сите три категории, а други судови од две од нив. Она што изненадува е дека и покрај вработување на

170% повеќе судски службеници од планираните по систематизација (графикон 7), најголем процент од судовите – дури 47% (графикон 8) пријавуваат дека имаат потреба од овој кадар.




Графикон 8

Неколку суда (12% од сите судови) одговориле дека дополнително имаат потреба од информатичари, најверојатно сакајќи да ја потенцираат важноста на овој кадар. Во многу мал процент судовите истакнале дека имаат потреба од судии (3% од судовите) и преведувачи (6% од судовите).

## 3. УСЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОНЛАЈН И/ИЛИ ХИБРИДНИ СУДЕЊА

Со Прашалникот беа опфатени и прашања во однос на постоењето предуслови во судовите за одржување на судења од далечина и тоа во две форми:

- онлајн судење – каде што советот е во судница, а сите други се вклучени онлајн во текот на судењето; и
- хибридни судења – каде што само некој од странките или учесниците се вклучени онлајн, а судењето се одвива во судница.

**Прашање: Дали судот располага со капацитети (обучен кадар и опрема) за одржување на онлајн или хибридни судења?**

Од анализираните одговори евидентно е дека само во три суда има услови за одржување судења од далечина и тоа во еден суд со проширена надлежност (ОС Кавадарци), еден суд со основна надлежност (ОС Ресен) и еден апелационен

суд (АП Битола). Само овие три суда одговориле дека имаат и услови и кадар да одржуваат онлајн рочишта.

Во **31 суд или 91% од судовите не располагаат ниту со кадар, ниту со опрема за одржување некаков облик на судење од далечина.**

**Прашање: Дали во судот имате електронска огласна табла?**

Постоењето на електронска огласна табла во судовите претставува законска обврска согласно новиот Закон за управување со движењето на предметите во судовите (Службен весник бр.42/2020) којшто се применува од втората половина на мај 2020 година. Имено, членот 12 пропишува постоење огласна табла на веб-страницата на судот преку којашто судовите ќе ги објавуваат судските огласи и огласите на нотарите и извршителите на начин што тие ќе може да се печатат, без можност да се врши менување, копирање и обработка на текстот на објавениот документ.

Од добиените одговори, претставени на Графиконот 9, може да се заклучи дека само во во 12 суда (35%) има електронска огласна табла, додека во 22 суда (или близу 65% од судовите) електронските огласни табли не функционираат.




Графикон 9

Од анализата на добиените одговори и дадените објаснувања произлегува дека нефункционирањето на електронските огласни табли се должи на следново:

- недостасува опрема, а судовите немаат финансиски средства за нејзина набавка;

- во некои судови опремата била доставена, но не е технички исправна за да може да се користи;
- истакнати се објаснувања дека постојните веб страници на судовите немаат ваква опција и би требало тоа софтверски да се овозможи;
- некои судови навеле дека имаат информација дека изработката на потребното софтверско решение е во тек и очекуваат набрзо да се имплементира Законот за управување и движење со предметите во овој дел;
- има и судови што навеле дека воопшто немале сознание дека им е потребно да имаат електронска огласна табла.

**Прашање: Дали во Вашиот суд се издаваат електронски уверенија од казнената евиденција?**

Како еден индикатор за подготвеноста на судовите за електронска комуникација, којашто согласно посебен закон треба да се остварува, од судовите беше побарана информација во однос на издавањето електронски уверенија од казнената евиденција. Проектниот тим оцени дека ова прашање заслужува внимание бидејќи им овозможува на граѓаните брз и ефикасен пристап до судовите заради остварување некои свои права.




Графикон 10

Од добиените одговори јасно произлегува дека е многу мал бројот на судови каде што уверенијата се издаваат електронски (19%). Проектниот тим смета дека и вака дадените одговори треба да се анализираат со резерва бидејќи практиката покажува дека барањата за издавање на уверенијата е електронска, но доставата односно издавањето на уверенијата се врши во просториите на судот, каде што подносителот на барањето го подигнува уверението во хартиена форма.

На ваков заклучок упатуваат и дел од наведените објаснувања во добиените одговори од судовите од кои би ги издвоиле следниве:

- во некои судови електронски се примаат барањата, но издавањето е во хартиена форма бидејќи недостасува можност за Е-достава до граѓанинот;
- потребно е да постои можност издавањето на уверенијата да се одвива преку интернет страницата на судот, со користење електронски потпис и печат, при што софтверски треба да се реши и начинот на плаќање;

Со цел поголема ефективност во пристапот до судовите, во дел од одговорите е содржан корисен предлог којшто заслужува да биде предмет на анализа и соодветна легислативна имплементација, а имено

- уверенијата да ги издава судот каде што е поднесено барањето, без оглед каде е местото на живеалиште на подносителот на барањето. [41]

**Прашање: Дали во судот имате достапна електронска платформа за двонасочна комуникација?**

Во рамките на прашањата за постоење услови за одржување на онлајн и/или хибридни судења, беше содржано и прашањето за електронските платформи со кои располагаат судовите. Од анализираните одговори произлезе дека во 21 суд (62% од судовите) воопшто нема електронска платформа, но, има и судови во кои има повеќе од една платформа (од овие причини вкупниот број на одговори прикажани на графиконот 11 изнесува 44). Најчесто користени платформи во судовите се ZOOM и Skype.




Графикон 11

41 За споредба, во Република Српска во БиХ, уверенијата од казнената евиденција ги издаваат основните судови без оглед на живеалиштето на физичкото лице, седиштето на правното лице или живеалиштето на странското лице кое го поднесува барањето (види чл. 49 ст.2, Pravilnik o unutrašnjem sudskom poslovanju Republike Srpske, Službeni glasnik Republike Srpske, brojevi 9/14 i 71/17).

**Прашање: Дали сметате дека има околност која е важна, а не е содржана во прашалникот?**

На крајот од Прашалникот беше дадена можност судовите да наведат некоја околност која не е содржана во истиот, а која сметаат дека заслужува внимание да биде разгледана и имплементирана, при што од изнесеното би можело да се издвојат следниве аспекти:

- се изразува поддршка на активностите за поголема дигитализација на правосудството, во насока на поголема ефикасност, транспарентност и пристап до правдата.
- постои подготвеност кај судиите да дадат придонес во разработка на законски решенија во однос на одржување судења преку дигитални платформи.
- потребно е и постепено исфрлање на хартијата од работата во судовите, за сметка на електронската комуникација, Е-достава и дигитализација.
- воспоставување практика за користење на дигитални сертификати (потписи) за електронска достава на документи издадени од судовите.
- задолжување на сите правни лица да креираат свои електронски сандачиња за да се врши исклучиво електронска достава и тоа да функционира двонасочно.
- со цел за одржување на онлајн судења има потреба од доопремување на дел од мрежната инфраструктура за да може да се користи таквата опрема.
- потребни се повеќе обуки на кадарот вработен во судовите за да може правилно да се користи и одржува ИКТ опремата.

## ◆ ДА СУМИРАМЕ

- ✓ 91% од судовите не располагаат ниту со кадар, ниту со опрема за одржување некаков облик на судење од далечина;
- ✓ 86% од судовите имаат чести или спорадични проблеми со интернет конекцијата;
- ✓ 90% од судовите сметаат дека сегашната брзина на интернетот е недоволна и дека е потребно да се обезбеди оптички симетричен интернет со брзина меѓу 60 и 100 Mbit/s.
- ✓ 94% од судовите комуницираат преку е-маил меѓусебно, а 67% со граѓаните;

- ✓ 62% од судовите воопшто немаат, односно не користат електронска платформа;
- ✓ 65% од судовите, најчесто поради недостиг на ресурси и опрема, не користат електронска огласна табла, иако истата е задолжителна согласно закон;
- ✓ 43% од работните места за информатичари предвидени согласно систематизацијата во судовите се непотполнети;
- ✓ 19% од судовите издаваат уверенија за казнена евиденција по електронски пат;
- ✓ во рамките на постојните услови и капацитети, Е-достава не постои;
- ✓ потребна е ревизија на постојната и набавка на нова ИКТ опрема;
- ✓ неопходно е воспоставување на хоризонтална и вертикална комуникација во АКМИС;
- ✓ генерално постои позитивен став и поддршка од судовите кон процесот на дигитализација.

# IV. ПОЗИТИВНА ПРАВНА РАМКА НА РСМ И ИДНИ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ

## 1. ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА И УРЕДБИТЕ СО ЗАКОНСКА СИЛА

Прогласената вонредна состојба на 18 март 2020 година беше основ за ограничување на определени дерогабилни права загарантирани на нашите граѓани со ЕКЧП. Вонредната состојба, во споредба со другите држави, траеше прилично долго – три месеци и една недела, а во меѓувреме беше прекината на еден ден.

За вонредната состојба нашата држава го информираше Советот на Европа на 1 април 2020 година.[42] Во периодот додека траеше вонредната состојба заради пандемијата со Ковид 19, на граѓаните им беа ограничени правата по член 8 и член 11 од ЕКЧП, член 2 од Протоколот бр.1 и член 2 од Протоколот бр.4 на ЕКЧП.

42 Derogation contained in a Note verbale from the Permanent Representation of North Macedonia to the Council of Europe, 1 April 2020, https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/005/declarations?p_auth=EeA6R96f&_coeconventions_WAR_coeconventionsportlet_enVigueur=false& _ coeconventions_WAR_coeconventionsportlet_searchBy=state&_coeconventions_WAR_coeconventionsportlet_codePays=TFY&_coeconventions_WAR_coeconventionsportlet_codeNature =10.

## КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ
## Рим, 4 ноември 1950 година

### ЧЛЕН 8 - Право на почитување на приватниот и семејниот живот

1. Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.

2. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.

### ЧЛЕН 11 - Слобода на собирање и здружување

1. Секој човек има право на слобода на мирно собирање и здружување со други, вклучувајќи го и правото да основа синдикати и да им се придружува на синдикатите за заштита на своите интереси.

2. Остварувањето на овие права може да биде ограничено само со законски мерки што во едно демократско општество се неопходни за националната безбедност, јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на злосторства, заштитата на здравјето или моралот или заштитата на правата и слободите на други. Со овој член не се забранува наметнување законски ограничувања за припадниците на оружените сили, полицијата или државната администрација.

## ПРОТОКОЛ БР. 1
## Париз, 20 март 1952 година

### ЧЛЕН 2- Право на образование

Никому не може да му се одземе правото на образование. Во своето дејствување во областа на образованието и наставата, државата ги почитува правата на родителите да обезбедат образование и настава во согласност со своите верски и философски убедувања.

## ПРОТОКОЛ БР. 4
## Стразбур, 16 септември 1963 година

### ЧЛЕН 2 - Слобода на движење

1. Секое лице кое законски се наоѓа на територијата на една држава, има право слободно да се движи во неа и слободно да го избере своето место на престојување.

2. Секое лице е слободно да ја напушти која и да е земја вклучувајќи ја и својата.

3. Остварувањето на тие права може да биде предмет само на оние ограничувања кои се предвидени со закон и кои претставуваат неопходни мерки во интерес на националната безбедност, јавната безбедност, одржувањето на јавниот ред, спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитага на правата и слободите на другите во едно демократско општество.

4. Правата признати во првиот став можат да бидат предмет и на ограничувања во некои области доколку таквите со закон предвидени ограничувања ги оправдува јавниот интерес на едно демократско општество.

Согласно ставот на ЕСЧП, дерогирањето на основните човекови права мора да биде нужно, сразмерно и временско ограничено,[43] а треба да се води сметка и за пропорционалноста на ограничувањата.[44] Во текот на вонредната состојба во нашата држава беа донесени голем број уредби со законска сила, од кои еден дел се однесуваа на прашања непосредно поврзани со функционирањето на судството.[45] Рестриктивните мерки треба да бидат оправдани,[46] а секое отстапување е предмет на оцена од страна на ЕСЧП во случаи што ќе бидат поднесени пред него.[47]

РСМ ги информираше ООН за прогласената вонредна состојба, но се најде во групата држави заедно со Албанија и Србија, што пропуштиле да ги информираат ООН за дерогацијата на гаранциите од ЕКЧП и ограничувањата на гаранциите од МПГПП (што во голем дел се поклопуваат).[48]

Прва релевантна одлука што го тангираше постапувањето на нашите судови беше Одлуката на Судскиот совет на РСМ за постапување на судовите во услови на зголемена опасност од вирусот Ковид 19. Таа предвидуваше судовите да ги преземат потребните мерки на претпазливост, особено при влез и излез на странки од судовите, како и извршување на нужни работи коишто се наведени во Одлуката.[49]

Судовите беа должни преку своите интернет страници да ги известат странките поднесоците до судот да ги доставуваат електронски, доколку имаат технички услови за тоа, а уверенијата и другите судски акти до странките и надлежните органи да ги доставуваат електронски. Одлуката на Судскиот совет на РСМ, вклучува препорачана листа на итни случаи по

---

43 По разнишани скалила: За човековите права и КОВИД-19 во Северна Македонија по дерогирањето од Европската конвенција за човекови права, https://epi.org.mk/wp-content/ uploads/ 2020/04/ ECHR-COVID19-MK.pdf.

44 Resolution 2209 (2018), State of emergency: proportionality issues concerning derogations under Article 15 of the European Convention on Human Rights, Parliamentary Assembly, Council of Europe, 24 April 2018; Recommendation 2125 (2018)1 State of emergency: proportionality issues concerning derogations under Article 15 of the European Convention on Human Rights, 24 April 2018, достапни на: http:// assembly.coe.int/nw/ xml/XRef/Xref-DocDetails-EN.asp?FileID=24680&lang=EN.

45 Гордана Лажетиќ, Независното судство во услови на вонредна состојба – предизвици и контроверзи, Дополнета дискусија презентирана на Online академска работна маса на тема: „Правно-политички и економски дискурс во време на Covid-19“, Зборник на Правен факултет „Јустинијан Први„ достапен на http://pf.ukim.edu.mk/zbornici, Скопје, 29.04.2020; Правни аспекти на вонредната состојба, коавторски труд со Акад. Камбовски и др., Зборник на трудови: Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од КОВИД-19, август, 2020, стр. 42-67.

46 Respecting democracy, rule of law and human rights in the framework of the COVID-19 sanitary crisis, A toolkit for member states, Council of Europe, Information Documents SG/Inf(2020)11 7 April 2020, https:// rm.coe.int/sg-inf-2020-11-respecting-democracy-rule-of-law-and-human-rights-in-th/16809e1d91.

47 Guide on Article 15 of the European Convention on Human Rights - Derogation in time of emergency, Updated on 31 December 2019, Council of Europe, 2020, https://www.echr.coe.int/Documents/Guide_ Art_15_ENG.pdf.

48 OSCE Human Dimension Commitments and State Responses to the Covid-19 Pandemic, OSCE/ODIHR 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/e/c/457567_0.pdf.

49 Одлука за постапување на судовите во РСМ во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19, бр. 02-606/1, од 17 март 2020 година.

кои, во судовите постапуваат во рамките на своите надлежности во прв, втор односно во трет степен, и тоа:

- кривични случаи:
  - случаи каде обвинетиот или некои од обвинетите се во притвор, куќен притвор или предмет на други мерки за обезбедување присуство на обвинет во текот на кривичната постапка;
  - случаи поврзани со семејно насилство;
  - случаи во кои обвинетите немаат редовно или привремено живеалиште во РСМ, но делата се извршени во земјата;
- случаи за кои постои опасност од застарување;
- кривични предмети за конкретни кривични дела (пренесување на заразни болести, непостапување според здравствените прописи за време на епидемија, неукажување медицинска помош, спречување службено лице во вршење на службено дејствие, напад врз службено лице при вршење работи на безбедност, организирање отпор);
- прекршочни случаи од итен карактер;
- случаи во врска со примена на привремени мерки;
- случаи што се во фаза на донесување одлука;
- случаи во кои постои опасност од повреда на принципот на судење во разумен рок;
- случаи што се итни, како што е утврдено со закон;
- прием на писмени и други работи поврзани со преклузивни рокови.

Одлуката, исто така вклучуваше одделни ставови за случаи во надлежност на апелационите судови, Врховниот суд, Управниот суд и Вишиот управен суд.

Судовите ја вршеа судската власт, работеа и функционираа и во текот на вонредната состојба во сите итни предмети, санкционираа непридржување кон мерките за ограничување на движењето, кривични дела поврзани со ширење заразни болести, но и убиства, разбојништва, трговија со дроги и други психотропни супстанции, семејно насилство и сл. Во судовите, на пример, редовно се одржуваа јавни седници на кривичниот совет по повод изјавени приговори на обвинителни акти, а се среќаваа случаи кога јавните седници по повод изјавени жалби против решенија за определување или продолжување на мерка притвор во еден дел не се одржуваа од причина што одбраната ги повлекуваше предлозите за нивно одржување. Согласно одлуките и упатствата на Судскиот совет на РСМ, и апелационите судови во најголем број случаи не одржуваа јавни седници. Во овој период ВСРСМ, во кривичните постапки редовно одржуваше седници по изјавени жалби со присуство на странките, но мора да се нагласи дека ваквите случаи беа малубројни. Во однос на другите свои надлежности, ВСРСМ постапувал редовно, на нејавни седници, без присуство на странките.

Се одржаа и првите онлајн судења со користење на електронски технички средства преку електронската платформа за аудио визуелна комуникација

Microsoft Teams[50] во постапки спрема деца коишто се итни според Законот за правда за децата и во случај на разбојништво чијшто сторител се наоѓаше во притвор. Ваквото постапување беше и во контекст на Упатствата и Препораките на Комитетот за спречување на тортура на Советот на Европа кои препознаа зголемена опасност од ширење на корона вирусот во притворските одделенија.[51]

Со Уредба со законска сила Владата ги регулираше прашањата поврзани со **роковите во судските постапки** за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства. Уредбата се однесуваше на роковите во кривичната, парничната, вонпарничната постапка, управните спорови, присилното извршување и обезбедувањето на побарувањата.[52] Роковите за застареност за извршување на кривичните санкции престанаа да течат, а упатните акти за казни затвор до 3 години се одложија до 1 септември 2020 година, освен за предмети кадешто постои опасност за застарување на извршувањето на казната.

Со оваа Уредба со законска сила на Судскиот совет на РСМ му беше дадена можност да донесе одлука за преземање на дејствија со користење електронски технички средства што обезбедуваат двонасочна комуникација, без заедничко физичко присуство на учесниците во постапката.

## 2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ДОМАШНАТА ЗАКОНСКА РАМКА

### 2.1 Судски деловник

Судскиот деловник е подзаконски акт кој го носи Министерот за правда, по претходно добиена согласност од Општата седница на Врховниот суд и има своја законска основа во член 84 став 1 од Законот за судовите. Со него, во воведните одредби во членот 1, меѓу другото се уредува начинот на работењето на судовите кој обезбедува законито, навремено и ефикасно вршење на функцијата, како и непречено, во разумен рок и економично остварување на правата и обврските на странките. Во членот 2 пак, е предвидено дека одредбите од Судскиот деловник се применуваат во сите судови освен за поодделни прашања уредени со посебни прописи, како и тоа дека судиите и вработените во судот, во рамките на својот делокруг непосредно го применуваат Судскиот деловник. Крајно, во воведните

50 Основен суд Кавадарци, http://www.vsrm.mk/wps/portal/oskavadarci/sud/vesti/, http://www.vsrm.mk/ wps/portal/oskavadarci/sud/vesti/.

51 European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT), Statement of principles relating to the treatment of persons deprived of their liberty in the context of the coronavirus disease (COVID-19) pandemic, CPT/Inf(2020)13, 20 March 2020, https://rm.coe.int/16809cfa4b.

52 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Uredbi_Covid19/31_Sednica_30-03-2020/sednica_31_30.03.2020 _uredba_so_zakonska_sila_za_rokovite_vo_sudskite_postapki_za_vreme_ na_vonredna_sostojba_i_postapuvanjeto_na_sudovite_i_javnite_obvinitelstva.pdf, бр. 44-2568/1, објавена во Службен весник бр.84 од 30.03.2020 година.

одредби, во членот 4, е наведено значењето на изразите во Деловникот, па така, меѓу другите изрази се и:

- о датотека - збир на електронски записи од ист тип, иста структура (формат);
- о електронско досие - електронски судски предмет со сите податоци (факти) и акти во предметот кои се чуваат во електронска форма;
- о електронски запис - секое внесување и преземање на дејствие во автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети;
- о прием по електронски пат - прием на доставената електронска порака во електронското сандаче на примателот.

Понатаму, во членот 152 од Судскиот деловник е овозможено приемот на писмената да биде и по електронски пат, а согласно членот 159 е предвидено дека писмената електронски испратени до судот, се примаат во секое време, доколку се обезбедени условите за таквиот начин на прием, а поднесоците се праќаат преку посебен веб портал за таа намена. Децидно е определено дека ваква можност има секоја странка која претходно има регистрирано своја лична сметка на судскиот веб портал, а за користење на оваа можност, при најавата странката се идентификува со електронски сертификат.

Тонското снимање на судските рочишта предвидено во членовите 197 и 198 од Деловникот е уште една електронска алатка, која е дел и од процесните закони, но истата може да се користи само во судницата и во лично присуство на странките. Поврзано со темата, а заради целосен тек на воедначено постапување на судовите, во истиот акт е определен и редот на постапувањето по предметите, зависно од природата на истите, на идентичен начин како што тоа е определено и во процесните закони (ЗКП, ЗПП, ЗУС)

## 2.2 Закон за управување со движењето на предметите во судовите

Законот е донесен во февруари 2020 година со одложена примена која започна во втората половина од мај 2020 година.[53] Со овој закон се регулираат важни прашања во однос на **непристрасноста на судијата** што ќе постапува по предметот распределен преку АКМИС-от. Важноста на законот се огледа во уредување прашања кои спречуваат застој во движењето на судските предмети и спречување на создавање на заостаток на нерешени судски предмети. Наметнувајќи динамика во постапувањето води кон почитување на законските рокови за преземање на процесните дејствија, како и на законските рокови за донесување, изготвување и објавување на судските одлуки.

Со цел да се **стандардизира** постапувањето во рамките на АКМИС-от, посебното Работното тело за стандардизација на постапките врши

53 Закон за управување со движењето на предметите во судовите, Службен весник бр.42/2020.

унификација на терминологијата, шифрарниците, електронските обрасци, потврди, дописи, одлуки и други документи, како и методологијата на внесување на податоците и протоколи за движење на предметите.

Примената на овој закон го унифицира и пристапот при **објавување** на правосилните судски одлуки на веб-страницата на судот во прилог на информирање и транспарентност во функционирањето на судовите.

Објавувањето го врши овластен судски службеник на првостепениот суд во рок од 7 дена од денот на правосилноста на судската одлука, односно од денот на доставување на одлуката од страна на повисокиот суд, а во повисоките судови во рок од 7 дена од денот на верификацијата на правосилната судска одлука.

При објавувањето се наведува името и презимето на странките, односно називот на правното лице, но задолжително се анонимизираат следниве податоци:

- адресата на живеалиште, односно престојувалиште или седиштето на странките,
- единствениот матичен број на граѓанинот
- единствениот матичен број на субјектот на упис
- личните податоци на сведоците и оштетените во постапката.

Во случаите кога во текот на судската постапка била исклучена јавноста, судските одлуки се објавуваат на веб-страницата на судот без образложение.

Судовите имаат **огласна табла на нивните веб-страници** на кои се објавуваат судските огласи и огласите на нотарите и извршителите, за што нотарите и извршителите плаќаат годишен надоместок во висина утврдена со одлука на Судскиот буџетски совет. Овие средства се уплаќаат на сопствената приходна сметка на судот. Документите при објавувањето на веб страницата соодветно софтверски се заштитуваат така што тие може само да се печатат, а не е можно нивно менување, копирање и обработка на текстот.

## 2.3 Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги,[54] е донесен со цел усогласување на домашното законодавство со eIDas законодавството со коешто се имплементира Директивата на ЕУ во однос на мерки за висок степен на сигурност на мрежи и информатички системи во Унијата.[55]

Овој закон се однесува на ***управни и судски постапки,*** а предмет на уредување е:

54 Службен весник бр.101/2019 и 275/2019.

55 Directive (EU) 2016/1148 of the European Parliament and of the Council of 6 July 2016 concerning measures for a high common level of security of network and information systems across the Union.

- употребата на електронските документи,
- електронскиот потпис и електронскиот печат и
- електронските доверливи услуги.

Во контекст на условите за онлајн судења, важно е што со овој закон се пропишуваат условите под кои се признаваат средствата за електронска идентификација издадени на физички и правни лица.

Целта на законот е безбедност на средствата за електронска идентификација и безбедност при обезбедување доверливи услуги.

Во табелата подолу се претставени дел од термините содржани во Законот коишто се во корелација со електронската комуникација.

| | |
|---|---|
| **Електронски податоци** | податоци создадени во електронска форма, погодни за електронска обработка и пренос преку електронски комуникациски системи. |
| **Електронска трансакција** | активност помеѓу две или повеќе страни, којашто се извршува по електронски пат. |
| **Електронски документ** | содржина складирана во електронска форма, особено текстуални или звучни, визуелни или аудио-визуелни записи. |
| **Интероперабилност** | способноста на два или повеќе системи или нивните компоненти за размена на податоци и олеснување на заедничката употреба на податоци и знаење. |
| **Автентикација** | електронски процес кој овозможува електронска идентификација на физичко или правно лице или кој овозможува потврдување на потеклото и интегритетот на податоците во електронска форма. |
| **Електронски потпис** | збир на податоци во електронска форма кој е придружен кон или е логички поврзан со други податоци во електронска форма и кој потписникот го користи за потпишување. |

## 2.4 Закон за управни спорови

Законот за управни спорови влезе во сила во втората половина на мај 2019 година, но имаше одложена примена за една година и започна со примена во втората половина на мај 2020 година.[56] Во ЗУС се предвидени повеќе можности за електронска комуникација и достава.

Во делот на **електронска комуникација** внимание заслужуваат:

- поднесување **тужба** до судот, помеѓу другото, и преку електронски средства, при што ќе се смета дека е поднесена во оној момент кога таа ќе биде забележана на серверот за излезни електронски пораки. Таквата тужба ќе биде потврдена со електронски потпис во согласност со закон. Судот без никакво одлагање преку електронските средства, ќе го потврди приемот на тужбата;
- поднесување **поднесоци** во електронска форма до приемното одделение на судот, при што секој електронски испратен поднесок ќе се смета дека е поднесен во судот во оној момент кога ќе биде забележан во серверот за излезни пораки. Судот веднаш ќе издаде потврда за прием на поднесокот. Доколку судот нема можност да го прочита поднесокот во електронска форма поради технички проблеми, ќе го извести за тоа испраќачот со барање за повторно испраќање на истиот поднесок во соодветен формат или на друг начин во точно определен рок. Ако испраќачот не постапи по известувањето во определениот рок од страна на судот, ќе се смета дека поднесокот не бил поднесен.

Содржани се и одредби кои овозможуваат **електронска достава**:

- доставата, по правило се врши според Законот за општата управна постапка, а достава преку електронски средства ќе се спроведе **само на барање или со изречна согласност на странката или друг учесник во постапката**. Доставата преку електронските средства ќе се смета за извршена во моментот кога одлуката или друг акт на судот ќе бидат забележани на серверот за дојдовни пораки;
- решението донесено надвор од расправа судот може да го достави до странките и во електронска форма и тоа има правно дејство од моментот кога е извршена негова уредна достава.

Управните судови имаат должност да ги информираат странките за текот на постапката и да им овозможиат увид во списите на предметот, при што до електронскиот предмет се одобрува електронски пристап.

56 Закон за управни спорови, Службен весник бр.96/2019.

## 2.5 Закон за кривичната постапка

Постојниот Закон за кривичната постапка не содржи основ за одржување судење од далечина, односно судење преку платформа за двонасочна комуникација без физичко присуство. Постои можност за испитување по пат на видеоконференција и телефонска конференција, но само на сведок и вештак, а не и на обвинет.[57]

Во однос на **електронската комуникација** содржани се следниве одредби:

- Поднесување дописи до судот:
  - o приватните тужби, обвинителните акти, обвинителните предлози, предлозите, правните лекови и другите изјави и соопштенија (поднесоци) може да **се поднесат по електронски пат** до приемното одделение на надлежниот орган (судот или јавното обвинителство);
  - o поднесоците поднесени од адвокати, органи на државна управа, правни лица и лица кои вршат јавни овластувања треба да содржат **и податоци за електронско сандаче за достава на писмената регистрирано согласно закон**.
- Доставување писмена од судот до други субјекти:
  - o покрај другите начини, може да бидат доставени и **по електронски пат на адреса на електронско сандаче на примателот** преку информатичкиот систем на надлежниот орган; притоа со испраќање на писменото до примателот на доставата на неговата електронска адреса се испраќа и известување дека од информатичкиот систем на надлежниот орган е испратен писмен документ кој имателот на адресата мора да го преземе; електронската пошта од електронското сандаче мора да биде преземена најдоцна осум дена од денот на нејзиното испраќање, а ако електронската пошта од електронското сандаче не биде преземена во определениот рок доставувањето ќе се смета за извршено;
  - o примателот на електронската пошта со својот ***електронски потпис*** го докажува својот идентитет, врши увид во своето електронско сандаче и електронски го потпишува писменото кое го упатува до надлежниот орган, односно го потврдува приемот на електронската пошта.

Ограничени се законските можности сведок или вештак да биде испитан по пат на **телефонска или видеоконференција** и тоа само во случај кога:

- o се наоѓа на територија на друга држава или
- o на главната расправа се дознае дека сведокот не може да дојде пред суд или доаѓањето му е значително отежнато.

57 Службен весник бр.150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018.

Единствена одредба која овозможува **користење затворен технички уред за врска на далечина (видеотонска конференција)** се однесува на спроведување доказно рочиште**.**

***Предлогот за измени на ЗКП од 2018 година*** содржи определени одредби во однос на електронски докази и регистрирање на тек на главната расправа, коишто се недоволни да ја обезбедат правната рамка за онлајн судења и неопходно е нивно доразработување во систем од норми што ќе овозможат остварување на гаранциите за правично постапување и во случај кога судењето се спроведува на далечина.

Во овој контекст внимание заслужуваат следниве предложени одредби:

- можноста државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа да достават до јавниот обвинител барани податоци и во ***електронска форма со авторизиран електронски потпис***;
- во рамките на изведувањето на материјални и писмени докази постои можност електронските докази и снимки да се изведат со нивно ***презентирање во електронска форма*** онака како што им биле доставени до државните органи или органите на единиците на локалната самоуправа;
- текот на главната расправа се регистрира во вид на снимка којашто претставува визуелно-тонски запис од одржаната расправа, а може да се ***користи друг компјутерски програм за бележење на текот на расправата***.
- ***видео-конференцијата*** се снима, а странките добиваат примерок од снимката;
- проширена е можноста сведок или вештак да биде испитан по пат на ***видеоконференција***, без оглед каде се наоѓа;
- ако ***обвинетиот е во притвор или на издржување на казна затвор*** неговото присуство на седницата пред второстепениот суд може да се обезбеди и преку видео конференциска врска.

Како неминовно се наметнува прашањето за дополнување на одредбите од ЗКП во однос на можноста за онлајн судења, обврска за пријавување електронско сандаче од странките и другите учесници во постапката, обезбедени гаранции за правото на одбраната, за јавноста во постапувањето, пошироко користење електронски докази, користење на снимката при евентуално повторување на постапката односно штом имало снимање на постапката таа да не започнува одново и во случај кога дошло до промена на составот на судот или протек на време за одржување на рочиште од главна расправа и сл.

## 2.6 Закон за парничната постапка

Постојниот Закон за парничната постапка[58] нема одредби во однос на спроведување на судењата со користење посебна платформа.

Содржани се одредби коишто регулираат **електронска комуникација**, а коишто треба да бидат доразработени со цел да бидат во функција на идни онлајн судења:

- поднесување поднесоци до судот по електронски пат (тужба, одговор на тужба, правни лекови и други изјави, предлози и соопштенија) коишто, меѓу другото, треба да содржат електронски потпис, е-меил адреса;
- електронското сандаче е обврска за адвокати, државни органи односно органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, правните лица и лицата кои вршат јавни овластувања;
- странката може самата да побара од судот доставувањето да и се врши по електронски пат во електронско сандаче на адресата што ќе ја назначи во барањето;
- доставувањето на писмената на адвокати, државни органи, односно органи на државната управа, единици на локалната самоуправа, правни лица и на лицата на кои им се пренесени јавни овластувања, се врши по електронски пат во електронско сандаче.

ЗПП пропишува и начин како се остварува доставата по електронски пат, преку информатичкиот систем на судот на адресата на електронското сандаче на примателот на доставата. Притоа, **информатичкиот систем на судот** истовремено со испраќањето на писменото до примателот на доставата му испраќа и известување, на неговата електронска адреса, дека од информатичкиот систем на судот е испратен писмен документ кој имателот на адресата мора да го преземе најдоцна во рок од осум дена од денот на испраќањето. Ако електронската пошта не биде преземена од електронското сандаче во наведениот рок, доставувањето ќе се смета за извршено.

Примателот на електронската пошта всушност има свој електронски идентитет што го докажува со **електронскиот потпис** со помош на кој и врши увид во своето електронско сандаче и електронски го потпишува писменото кое го упатува до судот, односно го потврдува приемот на електронската пошта.

***Нацрт - Законот за парничната постапка*** објавен на ЕНЕР во септември 2020 година, содржи одредба која овозможува судење од далечина.[59]

Предложената одредба гласи:

> (1) Рочиштето, по правило, се одржува во судската зграда и тонски се снима.

58 Службен весник бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015.

59 https://ener.gov.mk/.

(2) Судот може да одлучи рочиштето да се одржи надвор од судската зграда кога ќе најде дека е тоа нужно или дека на тој начин ќе се заштеди во време или во трошоците на постапката.

(3) Судот може да одлучи рочиштето да се одржи на далечина, со користење на затворен технички уред за врска на далечина (видеотонска конференција), или на тој начин да се изведат одделни докази.

(4) Против решението од ставовите (2) и (3) на овој член не е дозволена жалба.

## 2.7 Закон за правда за децата

Постојниот Закон за правда за децата[60] нема одредби кои овозможуваат судење на далечина или преку платформа за двонасочна комуникација.

Работната група што работи на текстот на Законот за правда за децата направи обид за вклучување на можност за судења од далечина, кога е тоа во најдобар интерес на детето,односно, ваквиот начин на одржување на главниот претрес да биде исклучок, во случај кога постојат оправдани причини за тоа.

Предложената одредба гласи:

(1) По исклучок, во случај на постоење опасност од одлагање или кога постојат правни или стварни пречки, по службена должност или на предлог на јавниот обвинител или адвокатот а со согласност на другата страна, седницата на советот за деца односно главниот претрес може да се одржат и со помош на електронски технички средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација без заедничко присуство на сите или на дел од учесниците во судницата. Судот ќе ги извести учесниците во постапката за денот, часот и начинот на пристап до електронската програма за да учествуваат на седницата односно на претресот.

(2) За седницата односно главниот претрес одржан според став (1) на овој член, не се води записник, туку текот се снима преку електронската програма што овозможува двонасочна комуникација и се зачувува во дигитална форма, а странките, бранителот и учесниците добиваат информација за дигиталната адреса на снимката до којшто може да пристапат со претходно пријавено електронско сандаче кај судијата за деца, односно претседателот на советот.

60 Службен весник бр.148/2013, 152/2019 и 275/2019.

# 3. ИСКУСТВА ОД ПРАКТИКАТА НА ДОМАШНИТЕ СУДОВИ

- ## Одржани судења на далечина во Основен суд Кавадарци

Основниот суд Кавадарци е единствениот суд кој за време на вонредната состојба за прв пат во државата реализираше онлајн судења со користење на електронски технички средства и обезбедена двонасочна комуникација без заедничко присуство на учесниците во постапката, преку апликацијата Microsoft Teams. Одржувањето на онлајн судењата беше во насока на заштита на здравјето и безбедноста на судиите, јавните обвинители, судските службеници, обвинетите и сите останати учесници кои се вклучени во функционирање на судот и ефикасно остварување на правата на граѓаните во судските постапки во текот на вонредната состојба.

Онлајн судењата беа одржани во согласност со погоре споменатата Уредба со законска сила на Владата и Одлуката на Судскиот совет на РСМ, во петнаесетина кривични предмети спрема полнолетни, спрема деца и во постапки за условен отпуст, што значи системот е апликативен за различни видови кривични постапки со обезбедена гаранција од негова злоупотреба. Особено треба да се издвои првото онлајн судење во притворски предмет со присуство на јавноста, каде судот со почитување на правата на обвинетиот од членот 6 на ЕКЧП, водејќи се од упатствата и препораките на Комитетот за спречување на тортура како и Светската здравствена организација со кои се препознава зголемената опасност од ширење на Ковид 19 во притворските одделенија, овозможи непречено одржување на главната расправа и донесување и објава на првостепената пресуда. Судењето преку линк овозможен од страна на ОС Кавадарци го следеа и претставници на правосудните институции, Министерството за правда, меѓународни организации, амбасади и невладини организации кои набљудуваат судења.

Реализираните онлајн судења беа исклучително на доброволна основа, по претходна согласност на странките. Доколку странките сакаат да учествуваат во онлајн судењето тоа се констатира на записник каде што се откажуваат од правото на физичко присуство во судницата во текот на постапката.

Одржувањето на овие судења бара исклучителна посветеност и рационалност на судечкиот судија и извонредна подготвеност на инфомратичарот и тимот на стручни соработници кои се вклучени во логистичката поддршка и подготовката на судењето.

Процесот на подготовката на судењето опфаќа претходен контакт со јасно дефинирани улоги и дејствија помеѓу судот, јавното обвинителство, обвинетиот, полномошникот, оштетениот и сведоците; нивна подготовка и запознавање со начинот на користење на информатичката технологија, активностите и спроведувањето на онлајн судењето; појаснување на сите правни последици кои произлегуваат пред, за време и по завршувањето на судењето; тестирање на самиот систем и негова апликативност и одржување на судењето кое што се реализира на закажаниот ден.

Клучните прашања кои се поставија пред одржувањето на онлајн судењата вклучуваат:

- о дизајнирање на дигиталната архитектура која е неопходно потребна за процесот на судење,
- о безбедноста на системот,
- о логистичката поддршка,
- о процесната заштита преку гарантирањето на правата на обвинетиот и обезбедувањето на јавноста на истиот начин преку најава во системот од страна на самите баратели,
- о согласноста на странките да учествуваат во онлајн судењето,
- о концентрацијата во текот на судењето,
- о регистрирањето на аудио визуелниот запис и авторизираниот пристап што по согласност на судијата може да им бидат обезбедени на странките во постапката без можност за понатамошно репродуцирање, снимање и испраќање на аудио-визуелниот запис, туку само негов увид.

Треба да се нагласи дека при онлајн судењата, заради можностите на виртуелниот простор, многукратно е зголемено присуството на јавноста во споредба со предметите од редовните судења. Исто така, особено значајно е обезбедување на услови за водење на целосна контрадикторна постапка, со директно и вкрстено испитување.

Исклучително важен аспект во подготовките на едно онлајн судење е комуникацијата со странките пред започнувњаето на главната расправа и убеденоста на судот дека:

- ■ странките се запознаени со правото да бидат физички присутни во судницата;
- ■ странките се запознаени со постапката за онлајн судење, доброволно пристапуваат и се согласни истото да се одржи на таков начин;
- ■ обвинетиот е информиран дека во текот на постапката има право да се консулитира со правен застапник, односно адвокат;
- ■ обвинетиот е информиран дека доколку сака да се консултира со правен застапник, има право тоа да го направи со одржување на доверлив разговор преку обезбедување на дополнителна телефонска линија од страна на судот;
- ■ обвинетиот има право да слуша сѐ што се случува во судницата во текот на судењето;
- ■ обвинетиот е информиран дека членовите на неговото семејство и други лица како јавност може да учествуваат и да присуствуваат на главната расправа која се одвива онлајн;

- обвинетиот е информиран дека може преку дополнителна линија онлајн или телефонски да комуницира со судијата заради појаснување на текот на постапката и онлајн судењето:
- обвинетиот претходно се консултирал со неговиот бранител во врска со откажувањето од неговото право на лично и физичко присуство пред судот;
- одбраната е согласна да се откаже од правото на лично и физичко присуство пред судот и да учествува во онлајн судењето;

Како одлично решение за чување на аудио визуелниот запис од онлајн судењето односно елктронско складирање на податоците, се покажа користењето на cloud (т.н. виртуелен облак кој е составен од сервери во „центри на податоци" насекаде низ светот).

## ◆ ДА СУМИРАМЕ

- ✓ Процесните закони содржат јасни одредби за електронска комуникација (е-маил и Е-достава) со учесниците во постапките. Евентуални дополнувања во овој дел би биле насочени само во однос на усогласување со посебните закони кои ја уредуваат материјата на електронски документи, сертификати и безбедност на податоците;

- ✓ Процесните закони содржат и одредби за видео-тонска комуникација која се користи во точно определени ситуации пропишани со закон;

- ✓ Ниту еден процесен закон не содржи одредби за одржување на онлајн или хибридни судења, па затоа се потребни измени и дополнувања на постојните закони кои би вклучиле основни предуслови за судење од далечина;

- ✓ Измени и дополнувања на Судскиот деловник со разработени одредби за сите технички и административни процедури за подготовка, тек и постапување по завршување на онлајн и/или хибридното судење.

- ✓ Пандемијата на Ковид 19 доведе до појава и прифаќање на иновативни практики, коишто во прво време имаа карактер на итни и ургентни методи за работа, комуникација, известување и доставување. Но, истите покажаа дека во одредени ситуации и судски постапки кога постојат определени други исклучителни причини, значително можат да ги подобрат ефикасноста во постапувањето, пристапот до суд и трошоците на постапката.

# V. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### Општи заклучоци:

- Се препорачува развивање стратегија за трансформација на судските органи со цел искористување на придобивките од судењата на далечина што нужно доведува до промена на традиционалното судско функционирање во смисла на употреба на новите технологии, зголемено прибегнување кон алтернативно решавање на спорови и односи со медиумите.[61]
- Особено е важно новиот пристап во начинот на функционирање на судството со користење на модерната технологија и електронските платформи да води сметка за почитување на основните права загарантирани во ЕКЧП. Гаранциите содржани во ЕКЧП мора да се остваруваат без повреди и загрозувања без оглед на новиот начин на спроведување на судењата со користење на информатичката технологија. Во овој контекст особено се важни импликациите врз правото на правично судење и можноста обвинетите да ги остваруваат своите права целосно и ефикасно, дури и кога тие не се физички присутни во судницата. Гаранциите за ефективна правна помош треба да бидат *condicio sine qua non* и нужно е да постојат можности за приватна и доверлива комуникација помеѓу обвинетиот и бранителот пред, за време и по судското рочиште.[62]
- Судовите треба да усвојат критериуми за да ги идентификуваат случаите што се погодни за сослушувања од далечина, притоа да се води сметка за начинот на учество на ранливите групи во судењата во смисла на пристап и остварување на своите права.[63]

61 “CEPEJ Declaration. Lessons learnt and challenges faced by the judiciary during and after the COVID-19 pandemic”, CEPEJ, Ad hoc virtual CEPEJ plenary meeting, Strasbourg, 10 June 2020, https://rm.coe. int/declaration-en/16809ea1e2

62 Safeguarding the right to a fair trial during the coronavirus pandemic: remote criminal justice proceedings, https://www.fairtrials.org/.

63 OSCE Human Dimension Commitments and State Responses to the Covid-19 Pandemic, OSCE/ODIHR 2020, https://www.osce.org/files/f/documents/e/c/457567_0.pdf.

## Конкретни препораки:

1. Судењата од далечина треба да се одржуваат по оценка на судот во законски определени случаи кои би овозможиле поефикасен пристап до правдата и заштита на правата на граѓаните;

2. Правото на правично судење и заштитата на приватноста не смее да бидат повредени при примената на нови технолошки решенија за начинот на организирање и одржување на судењата;

3. Подготвување на странките, особено да се размислува за остварување на пристапот на ранливите учесници (жртви, деца) и лица со попреченост;

4. Измена на Судскиот деловник и процесните закони со цел регулирање на можноста за одржување судења на далечина;

5. Изготвување на процедури за текот на судењата на далечина – распоред на судења, известување, пријавување, одобрување пристап преку електронски потпис, најавување со индивидуализирана лозинка, идентификување на вклучениот и сл.;

6. Судењата од далечина не смее да го загрозат следењето на судењето од страна на јавноста, за што е неопходно да бидат пропишани процедури за известување, информирање, обезбедување пристап и следење;

7. Потребна е детална процена на потребните организациско-материјални и персонални предуслови за спроведувње на судења на далечина (интернет врска, ИКТ опрема, сервери, снимање и чување на снимките од судењата, платформа што ќе се користи, персонал во судот, обука);

8. Надградба и унапредување на АКМИС заради негова компатибилност и комплементарност со новите софтверски решенија поврзани со судската дигитализација.

9. Обезбедување на опрема и ресурси во судовите потребни за непречено одвивање на електронската комуникација, интероперабилноста со другите правосудни институции и државни органи и судењата од далечина (набавка на опрема во фази, на почеток обезбедување на минимум потребни човечки ресурси за реализација, поддршка од донатори и одржлив план од страна на државата за заокружување на потребните ресурси и нивно идно одржување)

10. Изготвување на анализа за фискалните импликации на дигитализацијата;

11. Обезбедување на соодветни финансиски средства од Буџет на РСМ заради одржливост на процесот за дигитализација;

12. Изготвување на Акционен/оперативен план за динамиката за дигитализација на судовите (фази на спроведување, пилот судови, судови со проширена надлежност, судови со основна надлежност, повисоки судови, управни судови);

13. Зајакнување на електронската комуникација и воспоставување Е-достава меѓу судовите и јавните обвинителства, ЦСР, КПУ и ВПУ и други државни органи, институции и правни лица;

14. Изготвување на процедури за безбедност, доверливост и заштита на податоците што електронски се споделуваат;

15. Размена на искуства и обуки со цел запознавање со можностите на платформите преку кои би се одвивале судењата, обука на персонал во судовите за користење и одржување на опремата, обука на судии, јавни обвинители и адвокати за користење на електронската платформа во судовите.

# ПРАШАЛНИК

## ЗА АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНИТЕ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ *ONLINE* СУДЕЊА ВО СУДОВИТЕ

**СУД: ________________________________________**

**1. Со каква информатичка опрема располага Вашиот суд за да се овозможи двонасочна електронска комуникација и интероперабилност со други органи?**

| | |
|---|---|
| ☐ **компјутери** | ☐ **телевизори** |
| ☐ **принтери** | ☐ **скенери** |
| ☐ **микрофони** | ☐ **прожектори** |
| ☐ **камери** | ☐ **фотокопир** |

**Наведете друга опрема со која располага судот:**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**2. Дали во Вашиот суд има стабилна интернет врска или се појавуваат проблеми со интернетот? (штиклирај, дополни)**

☐ **Никогаш немаме проблем со интернет врската**

☐ **Понекогаш се јавуваат проблеми со интернет врската**

☐ **Често се јавуваат проблеми со интернет врската**

☐ **Во судот нема интернет**

**Опишете ги проблемите со интернетот со коишто сте се соочиле:**

**3. Со каков тип на интернет (капацитет/моќност во GB/MB) е потребно да располага Вашиот суд? - да одговори информатичарот -**

**4. Дали подолу наведените органи/институции се регистрирани на Е-достава во Вашиот суд? (штиклирај, дополни)**

-  **Јавното обвинителство**
-  **Полицијата**
-  **Центар за социјална работа**
-  **Адвокати**
-  **КПУ**
-  **Биро за судски вештачења**
-  **Овластени вештаци**
-  **Пробациска служба**
-  **Агенција за катастар на недвижности**
-  **Управа за јавни приходи**
-  **Државно правобранителство**
-  **Управа за извршување санкции**
-  **Локална самоуправа**
-  **Здравствени установи**
-  **Други јавни претпријатија**

**Наведи други органи кои се регистрирани на Е-достава:**

**5. Дали Вашиот суд користи електронска комуникација (податоци коишто се пратени или примени по електронски пат и електронско разменување на податоци): (штиклирај, дополни)**

 **со другите судови**

 **со граѓаните**

**со други државни институции, органи и правни субјекти**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**(наведете ги)**

 **не користи електронска комуникација**

**6. Дали сметате дека е потребно да се воспостави хоризонтална и вертикална комуникација помеѓу судовите преку АКМИС?**

 **Да**

 **Не**

**7. Дали судот располага со квалификуван кадар за работа со информатичка опрема?**

- **Информатичари**

**Број според систематизација: ______**
**Број во моментот: ________________**
**Потребен број: ___________________**

- **Стручни соработници**

**Број според систематизација: ______**
**Број во моментот: ________________**
**Потребен број: ___________________**

- **Судски службеници во одделенијата кои работат на скенирање на естерните документи**

**Број според систематизација: ______**
**Број во моментот: ________________**
**Потребен број: ___________________**

➢ **Наведи друг кадар и број на лица што е потребен**

| | |
|---|---|
| **Вид на кадар** ____________________________ | **Број на лица** _____________ |
| **Вид на кадар** ____________________________ | **Број на лица** _____________ |
| **Вид на кадар** ____________________________ | **Број на лица** _____________ |
| **Вид на кадар** ____________________________ | **Број на лица** _____________ |

**8. Каков вид и количина на компјутерска/информатичка опрема ви е неопходно потребна?**

| | |
|---|---|
| ☐ **компјутери - број** __________ | ☐ **телевизори - број** __________ |
| ☐ **принтери - број** __________ | ☐ **скенери - број** __________ |
| ☐ **микрофони - број** __________ | ☐ **прожектори - број** __________ |
| ☐ **камери - број** __________ | ☐ **фотокопири - број** __________ |
| ☐ **сервери - број** __________ | |

**Наведете друга опрема/количина што му е потребна на вашиот суд:**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

**9. Дали судот располага со капацитети (обучен кадар и опрема) за одржување на *online* (сите учесници се вклучени *online*) или хибридни судења (само дел од учесниците се вклучуваат *online* во судницата каде што се одвива судењето)?**

☐ **судот МОЖЕ да одржи ONLINE судење**

☐ **судот МОЖЕ да одржи ХИБРИДНО судење**

☐ **судот НЕМА обучен кадар за ONLINE судења**

☐ **судот НЕМА опрема за ONLINE судења**

☐ **судот НЕМА обучен кадар за ХИБРИДНИ судења**

☐ **судот НЕМА опрема за ХИБРИДНИ судења**

**10. Дали во судот имате електронска огласна табла?**

☐ **Да**

☐ **Не** ______________________________________________

**(наведете ги причините зошто немате ваква табла)**

**11. Дали во вашиот суд се издаваат електронски уверенија од казнената евиденција?**

☐ **Да**

☐ **Не**

**Ако не се издаваат, што сметате дека треба да се направи:**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**12. Дали во судот имате достапна електронска платформа за двонасочна комуникација?**

☐ **Да**

- ☐ **Microsoft Teams**
- ☐ **ZOOM**
- ☐ **Skype**
- ☐ **Webex**

**Наведете друг вид на платформа** _____________________________

☐ **Не**

**13. Дали сметате дека има околност која е важна, а не е содржана во прашалникот? Ве молиме, наведете!**

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**Мисија на ОБСЕ во Скопје**
булевар 8-ми Септември бр.16
1000 Скопје

Телефонски број: +389 2 323 4000
Факс: + 389 2 323 4234
info-MK@osce.org